# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 111 Год. LXIV Среда, 3 септември 2008 Цена на овој број е 210 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2217. | **Закон** за изменување на Законот за Јавното обвинителство......................... | 2 |
| 2218. | **Закон** за јавна чистота......................... | 3 |
| 2219. | **Завршна сметка** на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.... | 14 |
| 2220. | **Програма** за формирање на стоковните резерви за период 2008-2010 година....................................................... | 29 |
| 2221. | **Одлука** за обезбедување финансиски средства за набавка на училишен инвентар во новата училишна зграда на ОУ „Јан Амос Коменски“ во општина Карпош, Скопје................................... | 29 |
| 2222. | **Одлука** за формирање Управен одбор за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел..................................... | 30 |
| 2223. | **Решение** за именување на претседател, заменик на претседателот и членови на Управен одбор за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел | 30 |
| 2224. | **Правилник** за начинот за вппаричување на имотот на друштвото во ликвидација............................................... | 31 |
| 2225. | **Решение** за одобрување и употреба на учебник по македонски јазик за I-во одделение............................................. | 35 |
| 2226. | **Решение** за одобрување и употреба на учебник по математика за I-во одделение.................................................... | 36 |
| 2227. | **Решение** за одобрување и употреба на учебник по математика за I-во одделение.................................................... | 36 |
| 2228. | **Решение** за одобрување и употреба на учебник по македонски јазик за I-во одделение............................................. | 36 |
| 2229. | **Решение** за одобрување и употреба на учебник по македонски јазик за I-во одделение............................................. | 36 |
| 2230. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.......... | 37 |
| 2231. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.......... | 37 |
| 2232. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.......... | 37 |
| 2233. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.......... | 38 |
| 2234. | **Одлука** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. | 38 |
| 2235. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. | 66 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2236. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас.......................... | 66 |
| 2237. | **Одлука** за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства...................................... | 66 |
| 2238. | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец август 2008 година......................... | 67 |
| | **Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придружува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ** | |
| 8. | **Одлука** за спроведување на рестриктивната мерка воведена со Заедничката позиција на Советот 2008/288/ЗНБП од 7 април 1008 година за обновување на рестриктивните мерки кон одредени официјални личности од Белорусија.................................................... | 1-4 |
| | **Огласен дел**............................................. | 1-24 |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2217.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Јавното обвинителство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 септември 2008 година.

Бр. 07-3715/1
2 септември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 1

Во Законот за Јавното обвинителство (“Службен весник на Република Македонија” број 150/2007), во членот 44 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

“- да има работно искуство од најмалку осум години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит, или редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од десет години правен предмет од правосудната практика.”

Во ставот (3) алинејата 1 се менува и гласи:

“- да има работно искуство од најмалку осум години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит;”.

Во ставот (4) зборовите: “ставот (2)” се заменуваат со зборовите: “ставот (1)”, а зборот “осум” се заменува со зборот “пет”.

Во ставот (5) алинејата 1 се менува и гласи:

- “да има работно искуство од најмалку пет години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит;”.

Во ставот (6) зборовите: “ставот (2)” се заменуваат со зборовите: “ставот (1)”, а зборот “шест” се заменува со зборот “четири”.

Во ставот (7) зборовите: “ставот (2)” се заменуваат со зборовите: “ставот (1)”, а зборот “пет” се заменува со зборот “три”.

Во ставот (8) зборовите: “ставот (2)” се заменуваат со зборовите: “ставот (1)”.

Член 2

Во членот 95 ставот (1) се менува и гласи:

“До првото стекнување на својство на кандидати за јавни обвинители согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, јавните обвинители во основните јавни обвинителства ќе се избираат согласно условите од членот 34 став 1 од Законот за Јавното обвинителство (“Службен весник на Република Македонија” број 38/2004) и да имаат работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од над три години.”

Во ставот (2) зборовите: “членот 34 ставови (1) и (2) од Законот за Јавното обвинителство (“Службен весник на Република Македонија” број 38/2004) се заменуваат со зборовите: “ставот (1) на овој член”.

Член 3

Во членот 99 зборовите: “ставови (1) и (2)” се заменуваат со зборовите: “став (1)”.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

### L I G J
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PROKURORINË PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për prokurorinë publike (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 150/2007), në nenin 44 në paragrafin (2) alineja 1 ndryshohet si vijon:

“- të ketë së paku tetë vjet përvojë pune me rezultate të dëshmuara në punë juridike pas provimit të dhënë të jurisprudencës, ose profesor universitar ordinar ose inordinar që ka ligjëruar më tepër se dhjetë vjet lëndë juridike nga praktika e jurisprudencës.”

Në paragrafin (3) alineja 1 ndryshohet si vijon:

“- të ketë së paku tetë vjet përvojë pune me rezultate të dëshmuara në punë juridike pas provimit të dhënë të jurisprudencës.”

Në paragrafin (4) fjalët: “paragrafi (2)” zëvendësohen me fjalët: “paragrafi (1)”, ndërsa fjala “tetë” zëvendësohet me fjalën “pesë”.

Në paragrafin (5) alineja 1 ndryshohet si vijon:

"- të ketë së paku pesë vjet përvojë pune me rezultate të dëshmuara në punë juridike pas provimit të dhënë të jurisprudencës;".

Në paragrafin (6) fjalët: "paragrafi (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)", ndërsa fjala "gjashtë" zëvendësohet me fjalën "katër".

Në paragrafin (7) fjalët: "paragrafi (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)", ndërsa fjala "pesë" zëvendësohet me fjalën "tre".

Në paragrafin (8) fjalët "paragrafi (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)".

Neni 2

Në nenin 95 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

Deri në marrjen e parë të cilësisë së kandidatëve për prokurorë publikë në pajtim me Ligjin për Akademi për trajnimin e gjykatësve dhe prokurorëve publikë, prokurorët publikë në prokuroritë themelore publike do të zgjidhen në pajtim me kushtet nga neni 34 paragrafi (1) të Ligjit për prokurori publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 38/2004) dhe të kenë përvojë pune me rezultate të dëshmuara pas provimit të dhënë të jurisprudencës në punë juridike prej mbi tre vitesh."

Në paragrafin (2) fjalët: "nenin 34 paragrafët (1) dhe (2) të Ligjit për prokurori publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 38/2004)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafin (1) të këtij neni".

Neni 3

Në nenin 99 fjalët: "paragrafët (1) dhe (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)".

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2218.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

Се прогласува Законот за јавна чистота,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 септември 2008 година.

Бр. 07-3729/1
2 септември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Член 2

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Член 3

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Член 4

Одредбите на овој закон не се однесуваат на одржување на јавната чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Одржување на јавната чистота" е чистење (метење и миење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови;

2. "Собирање на смет" е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет;

3. "Смет" е збир од отпадоци што се собираат при одржување на јавната чистота;

4. "Јавни површини и отворени простори на јавни објекти" се улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти;

5. "Даватели на услуга" се јавни претпријатија или правни лица на кои им е доверено извршувањето на работите на јавната чистота;

6. "Корисници на услуга" се корисниците на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти и

7. "Дворна површина" е просторот околу колективните и индивидулните објекти за домување.

II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

Член 6

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Член 7

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Работите на одржувањето на јавната чистота, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје можат со одлука на советот да ги отстапат на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.

Член 8

Правата и обврските меѓу општините и градот Скопје и правното лице од членот 7 став 2 на овој закон се уредуваат со договор кој содржи:

- вид и обем на работите,
- начин и рок на плаќање за извршување на работите и
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.

Договорот од ставот 1 на овој член може да се склучи најмногу за период од четири години.

Член 9

Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост го врши општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, а на објекти во приватна сопственост и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување го врши сопственикот на објектот.

Член 10

За поблиско уредување на односите за одржувањето на јавната чистота советот на општината, на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје донесува одлука.

Со одлуката од ставот 1 на овој член се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранувањето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

Член 11

Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно со одлуката од членот 10 став 1 на овој закон ја вршат комунални редари.

Комуналните редари од ставот 1 на овој член треба да имаат најмалку средно образование.

Комуналните редари при вршењето на контролата задолжително носат службена облека и службена легитимација.

Службената легитимација од ставот 3 на овој член ја издава градоначалникот на општината, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.

Бојата и кројот на службената облека, формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на комуналните редари ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 12

За вршење на работите на одржување на јавната чистота општините, општините во градот Скопје и градот Скопје секоја година донесуваат годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.

Програмата од ставот 1 на овој член содржи и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Начинот на поставување на соодветните садови за фрлање на отпадоци се уредува во одлуката од членот 10 на овој закон.

Службените лица во органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни како одговорни лица навремено и ефикасно да преземаат мерки за спроведување на одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член.

## III. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

Член 13

Секое физичко и правно лице е должно да се грижи за одржувањето на јавната чистота.

Член 14

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини е забрането:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут),
- фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена,
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината,
- палење, закопување и уништување на смет,
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад,
- колење на кокошки и друга живина и животни,
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти,
- истурање или испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера,
- миење на возила и камп приколки и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности,
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично,
- паркирање на возила на растојание до десет метри од контејнер и други садови за собирање смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена,
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки,
- чување и напасување на крупен добиток и живина,
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи,
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец,
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи,
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки,
- мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи општината,
- растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет,
- фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет,

- фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа, во двор,
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање смет надвор од определени места за нивно поставување, согласно со нивната намена,
- палење и уништување на садовите за собирање смет,
- уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта),
- плукање или секнење нос на јавни површини,
- лепење на плакати на кое било јавно место и
- вршење на физиолошки потреби.

Член 15

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:
- редовно чистење и одржување на просториите во објектот,
- садови за фрлање на отпадоци и
- инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

Член 16

Во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, мастики и други предмети или внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение од управителот на јавниот објект.

Член 17

На јавни објекти е забрането испишување графити, цртање и лепење на плакати.

Член 18

Правните и физичките лица сопственици на објекти, односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

Член 19

На отворените простори на јавните објекти, освен на местата определени за фрлање и оставање на смет, се забранува:
- фрлање и оставање на предмети од домаќинства, лисја, гранки и корења од растенија, песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена,
- оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет,
- палење, закопување и уништување на смет,
- оставање мртви животни, живина и птици освен на места определени за таа намена согласно со закон,
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти,
- миење на возила и камп приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица,
- сечење, складирање на дрва, јаглен и слично,
- производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган,
- паркирање на возила,
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи,
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки и
- оставање измет од домашни животни и миленичиња.

Член 20

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други) на митинзи, прослави и други собири се должни по завршувањето на манифестацијата, односно собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определено место за таа намена.

При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Член 21

Корисниците на инсталациите во јавните санитарни јазли и во санитарните јазли во јавните објекти, заради обезбедување на јавната чистота се должни по користењето на истите задолжително да пуштаат вода.

Член 22

Во зимски услови при снежни врнежи општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да го исчистат снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Член 23

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена.

Правните лица што ги вршат работите на одржување на јавната чистота се должни сметот од јавните површини редовно да го собираат и остават на места определени за таа намена.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

Член 24

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја утврдува советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини на нивното подрачје.

Советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал надоместокот од ставот 1 на овој член.

Член 25

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

По исклучок од ставот 1 наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота може да се наплатува и одвоено преку доставување на посебна сметка до корисниците на услугата, кога одржувањето на јавната чистота го врши правно лице различно од лицето кое врши собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

## V. НАДЗОР

### Член 26

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Инспекцискиот надзор го вршат општинските комунални инспектори, односно комуналните инспектори на градот Скопје.

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор од ставот 2 на овој член во случај кога општината, односно градот Скопје нема назначено комунален инспектор и истиот го врши за сметка на општината.

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје проверува дали:

- редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од Јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота,
- се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување,
- се чисти снегот,
- се обезбедени садови за фрлање на отпадоци во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли,
- при одржување на јавни манифестации е отстранет сметот и
- на излетнички места е отстранет сметот.

### Член 27

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје за утврдените неправилности составува записник и донесува решение со определување на рок за отстранување на неправилностите.

Против решението на општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје може да се поднесе жалба до министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на доставување на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

### Член 28

Ако во рокот определен во членот 27 став 2 од овој закон лицето не постапи по решението на општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје отстранувањето на сметот, односно чистењето на снегот ќе го изврши давателот на услугата на сметка на лицето наведено во решението.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 29

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице од членот 7 на овој закон, доколку не обезбеди редовно и квалитетно одржување на јавната чистота и чистење на снегот во зимски услови на јавните површини.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

### Член 30

Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице ако постапува спротивно на членот 12 од овој закон.

### Член 31

Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое постапува спротивно на одредбите од членот 14 алинеја 1 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое постапува спротивно на одредбите од член 14 алинеи 2 до 20 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 3 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 50 евра во денарска потиввредност во мандатна постапка согласно со одредбите од овој закон ќе му се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од членот 14 на овој закон.

### Член 32

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое е сопственик или управува со јавен објект, ако не постави садови за фрлање на отпадоци и не обезбеди исправни инсталации во санитарните јазли на објектот, нема тоалетна хартија, машини за сушење раце или хартија во секое време (член 15).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

### Член 33

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече на физичко лице, ако:

- фрла отпадоци, отпушоци, мастики и други предмети, плука или внесува домашни миленичиња без одобрение на надлежен орган во внатрешноста, односно во ходниците на јавните објекти (член 16) и
- на јавни објекти испишува графити, црта или лепи плакати (член 17).

Член 34

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако постапува спротивно на членовите 18 и 19 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец ако постапува спротивно на членовите 18 и 19 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на физичко лице.

Член 35

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако постапува спротивно на членот 20 од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец ако постапува спротивно на членот 20 од овој закон.

Член 36

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на членовите 20 став 2 и 21 од овој закон.

Член 37

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице сопственик, односно корисник на објект ако не го исчисти снегот од отворените простори пред објектот (член 22 став1).

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 38

Кога општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник ќе утврди дека е сторен прекршок од членовите 29, 31 став 1, 32, 34 и 35 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Во случај на утврдување на неизвршување на работите од членот 12 став 4 на овој закон општинскиот комунален инспектор или униформираниот полициски службеник против службените лица ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 39

Кога општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе утврди дека е сторен прекршок од членовите 31 став 5, 33, 34 ставови 3 и 4 и 36 на овој закон, на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

Доколку сторител на прекршок е малолетник во тој случај се постапува согласно со членовите 33, 34, 35 и 52 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006).

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, државниот комунален инспектор, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Во случај на водење на прекршочна постапка судот на сторителот му изрекува глоба во трикратен износ од утврдениот со одредбите на членовите наведени од ставот 1 на овој член.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член комуналниот редар е должен да поднесе предлог до општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Член 40

За прекршоците од членовите 31 став 5, 33, 34 став 4 и 36 на овој закон општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторување на прекршокот.

Општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар можат да му предложат на сторителот надминување на последиците од прекршокот да се стори со вршење или сторување на општокорисна работа во траење од најмалку 24 работни часа или доделување на средства за вршење на општокорисна работа на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Собраните средства се користат наменски за одржување на јавната чистота.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член, во рок од осум дена прифати, а не врши општокорисна работа или не додели средства за вршење на општокорисна работа, општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Министерот за транспорт и врски го утврдува видот, висината и чинењето на општокорисната работа за секој прекршок одделно, како и начинот на нејзиното извршување во согласност со министерот за правда. Висината на средствата наменети за општокорисна работа не може да биде повисока од висината на пропишаната глоба за прекршокот при што вредноста на 1 час општокорисна работа изнесува најмалку 50, а најмногу 125 денари во зависност од видот и сложеноста на општокорисната работа.

Општинскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Член 41

За прекршоците од членовите 29, 31 став 1, 32, 34, 35 и 37 на овој закон општинскиот комунален инспектор, односно на градот Скопје, може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

Инспекторот од ставот 1 на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот 2 на овој член до Комисијата за посредување, кој инспекторот е должен да го достави во рок од три дена од денот на составувањето и потпишувањето.

Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата за посредување е составена од три члена од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во Министерството за транспорт и врски од кои еден е дипломиран правник.

Претседателот на Комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на доставувањето на записникот.

Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и општинскиот комунален инспектор на општината односно на градот Скопје.

За постигнатата согласност во постапката на посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот.

Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

1) висината и начинот на плаќање на глобата;

2) висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и

3) мерките кои треба да ги преземе сторителот за отстранување на последиците од прекршокот.

Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување, глобата на сторителот за сторениот прекршок може да биде намалена за најмногу половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

Министерот за транспорт и врски донесува деловник за работа на Комисијата за посредување.

Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

Спогодбата од ставот 8 на овој член има сила на извршна исправа.

Ако постапката на посредување не успее се поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Член 42

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, Министерството за транспорт и врски води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 37/98).

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

# L I G J
# PËR HIGJIENËN PUBLIKE

## DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet dhe mënyra e mirëmbajtjes së higjienës publike, të drejtat dhe obligimet e pjesëmarrësve në mirëmbajtjen e higjienës publike, sipërfaqet dhe objektet në të cilat bëhet mirëmbajtja e higjienës publike, grumbullimi i hedhurinës, pastrimi i borës në kushte dimërore.

Neni 2

Mirëmbajtja e higjienës publike, grumbullimi i hedhurinës dhe pastrimi i borës në kushte dimërore janë veprimtari me interes publik me rëndësi lokale.

Neni 3

Mirëmbajtja e higjienës publike është proces në kontinuitet që siguron pastrimin e përhershëm dhe kualitativ të sipërfaqeve publike, të lokaleve të hapura në objektet publike dhe sipërfaqeve në oborret e objekteve kolektive dhe individuale për banim, për shkak të sigurimit të mjedisit të shëndoshë dhe të pastër.

Neni 4

Dispozitat e këtij ligji nuk kanë të bëjnë me mirëmbajtje e higjienës publike në rrethana të jashtëzakonshme dhe në kushtet e fatkeqësive elementare.

Neni 5

Disa shprehje të përdorura në këtë ligj e kanë kuptimin si vijon:

1. “Mirëmbajtje e higjienës publike” është pastrimi (fshirja dhe larja) i sipërfaqeve publike dhe lokaleve të hapura, si dhe pastrimi i borës në kushtet e dimrit;

2. “Grumbullimi i mbeturinës” është mënjanimi i mbeturinës nga mirëmbajtja e higjienës publike të sipërfaqeve dhe objekteve publike dhe vendosja në enë për mbeturina;

3. “Mbeturinë” është grumbulli i hedhurinave që grumbullohen gjatë mirëmbajtjes së higjienës publike;

4. “Sipërfaqe publike dhe lokale të hapura të objekteve publike” janë rrugët, trotuaret, rrugicat për biçikleta, sheshet, brigjet e lumenjve, nënkalimet, mbikalimet, urat, parkingjet, shkallët që i lidhin sipërfaqet e trafikut publik, parqet e qytetit, malet-park, sipërfaqet rrugore me barë, fushëpamjet, vendkalimet kufitare, stacionet hekurudhore, stacionet e autobusëve, pompat e benzinës, dhe stacionet e taksive dhe objektet tjera të infrastrukturës komunale, kabinat telefonike, kopshtet zoologjike, varrezat e qytetit, panairet, tregjet, magazinat, depot, objektet rekreative-sportive (fushat sportive, hipodromet, poligonet për qitje) banjat publike dhe sipërfaqet e hapura pranë objekteve tjera publike;

5. “Dhënës të shërbimit” janë ndërmarrjet publike ose personat juridikë të cilëve u është besuar kryerja e punëve të higjienës publike;

6. “Shfrytëzues të shërbimeve” janë shfrytëzuesit e sipërfaqeve publike dhe të lokaleve të hapura në objekte publike, dhe

7. “Sipërfaqe e oborrit” është sipërfaqja pranë objekteve kolektive dhe individuale për banim.

## II. KUSHTET DHE MËNYRA E MIRËMBAJTJES SË HIGJIENËS PUBLIKE

### Neni 6

Shfrytëzuesit respektivisht pronarët e lokaleve të hapura në objektet publike dhe sipërfaqet e oborreve të objekteve kolektive dhe individuale për banim janë të detyruar që të njëjtat në mënyrë të rregullt t’i mirëmbajnë në mënyrë me të cilën nuk ndotet dhe nuk degradohet sipërfaqja në mjediset urbane dhe rregullisht ta mënjanojnë mbeturinën nga të njëjtat.

### Neni 7

Mirëmbajtja e higjienës publike dhe pastrimi i borës dhe i akullit në kushtet e dimrit në sipërfaqet publike bëhet nëpërmjet ndërmarrjes publike për shërbime komunale, të themeluar nga komuna, komunat e Qytetit të Shkupit dhe Qyteti i Shkupit.

Punët e mirëmbajtjes së higjienës publike, komuna, komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit me vendim të Këshillit mund t’ia transmetojë për kryerje personit juridik të regjistruar për kryerjen e këtyre punëve, në pajtim me ligjin.

### Neni 8

Të drejtat dhe obligimet ndërmjet komunave dhe Qytetit të Shkupit dhe personit juridik nga neni 7 paragrafi 2 i këtij ligji rregullohen me marrëveshje e cila përmban:

- llojin dhe vëllimin e punëve,
- mënyrën dhe afatin e pagesës për kryerjen e punëve,
- garantimin për plotësimin e obligimeve të marrëveshjes etj.

Marrëveshja nga paragrafi 1 i këtij neni mund të lidhet më së gjati për një periudhë prej katër vjetësh.

### Neni 9

Mirëmbajtjen e higjienës publike në lokalet e hapura të objekteve publike në pronë shtetërore, respektivisht në pronë komunale e kryen komuna, komunat e Qytetit të Shkupit dhe Qyteti i Shkupit, ndërsa atë të objekteve në pronë private dhe në sipërfaqet e oborreve të objekteve kolektive dhe individuale për banim e bën pronari i objektit.

### Neni 10

Për rregullimin më të afërt të marrëdhënieve për mirëmbajtjen e higjienës publike, Këshilli i komunës dhe i komunave të Qytetit të Shkupit dhe Këshilli i Qytetit të Shkupit merr vendim.

Me vendimin nga paragrafi 1 i këtij neni rregullohet: mirëmbajtja e higjienës publike të sipërfaqeve publike, mënyra e shfrytëzimit të sipërfaqeve publike dhe grumbullimi i mbeturinave, pastrimi i borës dhe akullit, mënjanimi i sendeve që e rrezikojnë higjienën publike, si dhe masat për zbatimin e vendimit.

### Neni 11

Kontrollin e mirëmbajtjes së higjienës publike në pajtim me vendimin nga neni 10 paragrafi 1 i këtij ligji e bëjnë kujdestarët komunalë.

Kujdestarët komunalë nga paragrafi 1 i këtij neni duhet të kenë së paku shkollim të mesëm.

Kujdestarët komunalë gjatë kryerjes së kontrollit detyrimisht mbajnë veshje zyrtare dhe legjitimacion zyrtar.

Legjitimacionin zyrtar nga paragrafi (3) i këtij neni e lëshon kryetari i komunës, kryetarët e komunave të Qytetit të Shkupit dhe kryetari i Qytetit të Shkupit.

Ngjyrën dhe modelin e veshjes zyrtare, formën dhe përmbajtjen dhe mënyrën e lëshimit dhe të tërheqjes së legjitimacionit zyrtar të kujdestarëve komunalë i përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.

### Neni 12

Për kryerjen e punëve të mirëmbajtjes së higjienës publike komunat, komunat e Qytetit të Shkupit dhe Qyteti i Shkupit çdo vit miratojnë program vjetor i cili përmban: llojin dhe vëllimin e punëve që duhet të bëhen, mjetet financiare, afatet kohore për kryerjen e punëve, dinamikën dhe mënyrën e kryerjes së punëve.

Programi nga paragrafi 1 të këtij neni përmban edhe sigurimin e nyjeve sanitare publike dhe vendosjen e enëve përkatëse për qitjen e hedhurinave në sipërfaqet publike dhe në lokalet e hapura para objekteve publike.

Mënyra e vendosjes së enëve përkatëse për qitjen e hedhurinave rregullohet në vendimin nga neni 10 të këtij ligji.

Personat zyrtarë në organet e komunës, të komunave në Qytetin e Shkupit dhe të Qytetit të Shkupit, janë të obliguar që si persona përgjegjës me kohë dhe në mënyrë efikase të ndërmarrin masa për zbatimin e dispozitave nga paragrafi 2 dhe 3 të këtij neni.

## III. OBLIGIMET E PJESËMARRËSVE NË MIRËMBAJTJEN E HIGJIENËS PUBLIKE

### Neni 13

Çdo person fizik dhe juridik është i detyruar që të kujdeset për mirëmbajtjen e higjienës publike.

### Neni 14

Për shkak të sigurimit të higjienës publike në sipërfaqet publike ndalohet:

- hedhja dhe lënia e hedhurinave të materialeve ndërtimore (hedhurinë ndërtimore),
- hedhja dhe lënia e letrës, bishtave të cigares, çamçakëzëve, ambalazheve, dheut, hedhurinave të bimëve, rërës dhe hedhurinave tjera përveç në vendet e përcaktuara për atë dedikim,
- lënia e sendeve të vjetra të amvisërisë dhe mbeturinave nga kryerja e veprimtarive pranë enëve për grumbullimin e mbeturinës, përveç në vende të përcaktuara nga komuna,
- ndezja, futja në dhe, dhe asgjësimi i mbeturinës,

- lënia e fekaleve të kafshëve shtëpiake dhe kafshëve të ngordhura, shpezëve dhe zogjve në enë për hedhurina,
- therja e pulave, shpendëve dhe kafshëve të tjera,
- lëshimi i ujërave të zeza dhe lëngjeve tjera nga sipërfaqet e oborreve dhe objekteve,
- derdhja dhe lëshimi i lëngjeve në enë për hedhurina, në rrugë, në kanale, në lumenj dhe në liqene,
- larja e veturave dhe kamp rimorkiove dhe sendeve tjera të amvisërisë dhe nga kryerja e veprimtarisë,
- prerja, vendosja, çarja e druve, thëngjillit etj.
- parkimi i automjeteve në distancë prej dhjetë metrash nga enët për hedhurina dhe enët tjera për grumbullimin e mbeturinës dhe lënia e mjeteve transportuese për ngarkim përveç në vende të caktuara për atë dedikim,
- lënia e karrocave, traktorëve, makinave bujqësore dhe pajisjeve,
- ruajtja dhe kullotja e kafshëve dhe shpendëve,
- shitja dhe prezantimi i produkteve bujqësore dhe industriale,
- transporti i rërës, dheut, çimentos, argjilës, plehrave bujqësore, sanës, hedhurinës ose materialeve të ngjashme pa përgatitje paraprake dhe mbulimin e materialit me kapak,
- riparimi, servisimi i automjeteve dhe kryerja e punëve të ndryshme të zejeve,
- lënia e automjeteve të paregjistruara, të prishura, rimorkiove dhe kamp rimorkiove,
- përzierja e betonit, llaçit, përveç në vendet që do t'i caktojë komuna,
- derdhja e mbeturinës nga thasët, enët për hedhurina dhe enët tjera për grumbullimin e mbeturinës,
- hedhja, respektivisht lënia e mbeturinës pranë enëve dhe llojeve tjera të enëve,
- hedhja e mbeturinës nga cili do kat i ndërtesës ose shtëpisë, në oborr,
- vendosja e kovave dhe llojeve tjera të enëve për grumbullimin e mbeturinës jashtë vendeve të caktuara për vendosjen e tyre, në pajtim me dedikimin e tyre,
- ndezja dhe asgjësimi i enëve për grumbullimin e mbeturinës,
- asgjësimi i pajisjes urbane dhe pajisjeve tjera (karrigeve, shatërvanëve, bilbordeve, pajisjeve të kopshteve për fëmijë),
- të pështirit ose pastrimi i hundëve në sipërfaqe publike,
- ngjitja e afisheve në cilindo vend publik, dhe
- kryerja e nevojave fiziologjike.

Neni 15

Pronari, respektivisht personi i cili administron me objekt publik, është i detyruar që ta mirëmbajë higjienën publike në objektin publik dhe sipërfaqen e oborrit të tij, me ç' duhet të sigurojë:
- pastrimin e rregullt dhe mirëmbajtjen e lokaleve në objekt;
- enë për hedhjen e mbeturinave dhe
- instalimet në nyjë sanitare të jenë në gjendje të rregullt dhe të pastra dhe të sigurojë letër tualeti, makina për terjen e duarve ose letër në çdo kohë;

Neni 16

Brenda respektivisht në korridoret e objekteve publike ndalohet hedhja e mbeturinave, pështyma, hedhja e bishtave të cigareve, çamçakëzëve dhe sendeve tjera ose futja e kafshëve shtëpiake përveç me leje nga administruesi i objektit publik.

Neni 17

Në vende publike ndalohet shkrimi i grafiteve, vizatimi dhe ngjitja e afisheve.

Neni 18

Personat juridikë dhe fizikë pronarë të objekteve, respektivisht pronarët dhe shfrytëzuesit e lokaleve të hapura në objekte publike që janë për përdorimin e rregullt të këtyre objekteve publike janë të detyruar që ato lokale rregullisht t'i mirëmbajnë në atë mënyrë që nuk do të krijojnë mbeturina dhe hedhurina tjera si dhe ta mirëmbajnë gjelbërimin e atyre lokaleve.

Neni 19

Në lokalet e hapura të objekteve publike, përveç në vendet e përcaktuara për hedhjen dhe lënien e mbeturinave ndalohet:
- hedhja dhe lënia e lëndëve nga amvisëritë, gjetheve, degëve, rrënjëve të bimëve, rërës, hedhurinave të materialit ndërtimor, llojeve të ndryshme të ambalazhit dhe hedhurinave të përcaktuara për atë dedikim,
- lënia e mbeturinës nga kryerja e veprimtarive të personave juridikë dhe fizikë pranë enëve për grumbullimin e mbeturinave,
- ndezja, futja në dhe, dhe asgjësimi i mbeturinës,
- lënia e kafshëve të ngordhura, shpendëve dhe zogjve përveç në vende të caktuara për atë qëllim në pajtim me ligjin,
- lëshimi i ujërave të zeza dhe lëngjeve tjera nga sipërfaqet e oborreve dhe objekteve,
- larja e veturave dhe kamp rimorkiove, sendeve tjera të amvisërisë dhe sendeve të personave juridik,
- prerja, vendosja e drunjve, thëngjillit etj.
- prodhimi, pjekja e gëlqeres dhe thëngjillit, si dhe vendosja dhe ruajtja e materialit ndërtimor pa leje të dhënë nga organi kompetent,
- parkimi i automjeteve,
- riparimi, servisimi i automjeteve dhe kryerja e punëve të ndryshme të zejeve,
- lënia e automjeteve të paregjistruara, të prishura, rimorkiove dhe kamp rimorkiove, dhe
- lënia e sekretit të kafshëve shtëpiake dhe kafshëve shtëpiake.

Neni 20

Organizatorët e manifestimeve publike (kulturore, sportive, dhe manifestimeve tjera) të mitingjeve, kremtimeve, dhe tubimeve tjera janë të detyruar që pas mbarimit të manifestimit respektivisht tubimit ta mbledhin mbeturinën e bërë nga pjesëmarrësit e manifestimit respektivisht tubimit dhe ta lënë në vendin e caktuar për atë dedikim.

Gjatë vizitës në vende pikniku vizitorët janë të detyruar që para kthimit nga vendi i piknikut ta grumbullojnë mbeturinën dhe ta lënë në vendin e caktuar të paraparë për atë dedikim.

Neni 21

Shfrytëzuesit e instilacioneve në nyjat sanitare publike dhe në nyjet sanitare në objektet publike, me qëllim të sigurimit të higjienës publike janë të detyruar që pas shfrytëzimit të të njëjtave detyrimisht ta shkarkojnë ujin.

Neni 22

Në kushte dimri gjatë reshjeve të dëborës komunat, komunat në Qytetin e Shkupit dhje Qyteti i Shkupit janë të detyruar ta pastrojnë dëborën nga sipërfaqet publike më së voni në afat prej 6 orësh nga fillimi i reshjeve të dëborës.

Në kushte dimri gjatë reshjeve të dëborës të gjithë pronarët, përkatësisht shfrytëzues të objekteve janë të detyruar që menjëherë të fillojnë me pastrimin e dëborës në hapësirat e hapura para objekteve publike, me çka do të siguroj qasje të pandërprerë në objektet.

| 02002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 32,008,000 | 15,103,245 | 0 | 0 | 3,205,000 | 1,957,644 | 0 | 0 | 35,213,000 | 17,060,888 |
| 04001 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -27,127,442 | 0 | 0 | 0 | -27,127,442 |
| 04002 | СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РМ | 48,000,000 | 43,912,392 | 30,000,000 | 25,006,900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 78,000,000 | 68,919,292 |
| 04006 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1,042,000 | 3,267,640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,042,000 | 3,267,640 |
| 04007 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | 0 | 0 | 60,800,000 | 0 | 0 | 0 | 3,140,000 | 2,682,897 | 63,940,000 | 2,682,897 |
| 04008 | АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 346,000 | 340,918 | 0 | 0 | 346,000 | 340,918 |
| 04009 | СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | 0 | 0 | 0 | 0 | 34,617,000 | 39,310,417 | 0 | 0 | 34,617,000 | 39,310,417 |
| 05001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 121,600,000 | 104,066,163 | 177,400,000 | 152,615,116 | 0 | 0 | 0 | 0 | 299,000,000 | 256,681,279 |
| 05003 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 14,566,000 | 12,467,306 | 0 | 0 | 537,000 | 416,342 | 0 | 0 | 15,103,000 | 12,883,648 |
| 05004 | ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 0 | 0 | 50,000 | 47,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 | 47,500 |
| 06001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 559,234,000 | 418,127,529 | 66,000,000 | 56,410,396 | 8,556,000 | 10,418,522 | 0 | 0 | 633,790,000 | 484,956,447 |
| 07001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 7,400,000 | 6,246,929 | 0 | 0 | 258,000 | 180,810 | 28,500,000 | 2,089,513 | 36,158,000 | 8,517,252 |
| 07002 | УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 70,000 | 0 | 3,510,000 | 2,427,538 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,580,000 | 2,427,538 |
| 08001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 140,000,000 | 140,930,528 | 0 | 0 | 2,000,000 | 232,007 | 0 | 0 | 142,000,000 | 141,162,535 |
| 09001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 11,750,000 | 11,620,393 | 0 | 0 | 58,723,000 | 30,869,653 | 450,000,000 | 337,060,565 | 520,473,000 | 379,550,610 |
| 09002 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -2,947,911 | 99,659,000 | 27,441,810 | 99,659,000 | 24,493,899 |
| 09003 | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 64,700,000 | 56,515,753 | 0 | 0 | 600,000 | 609,294 | 80,000,000 | 42,904,616 | 145,300,000 | 100,029,663 |
| 09004 | БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ | 0 | 0 | 844,587,000 | 799,287,185 | 0 | 0 | 0 | 0 | 844,587,000 | 799,287,185 |
| 09005 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 196,000,000 | 155,970,786 | 0 | 400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 196,000,000 | 155,971,186 |
| 10001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 101,605,000 | 60,015,175 | 0 | 0 | 2,050,000 | 236,568 | 36,323,000 | 10,700,219 | 139,978,000 | 70,951,962 |
| 11002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ | 0 | 0 | 50,000,000 | 24,314,653 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000,000 | 24,314,653 |
| 12101 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 100,000,000 | 63,991,515 | 7,040,000 | 4,136,924 | 78,004,000 | 8,275,335 | 0 | 0 | 185,044,000 | 76,403,773 |
| 13001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 45,786,000 | 30,224,989 | 0 | 0 | 33,760,000 | 23,578,322 | 260,041,000 | 42,664,041 | 339,587,000 | 96,467,351 |
| 13002 | УПРАВА ЗА ЦИВИЛНО-ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА | 0 | 0 | 841,160,000 | 688,014,542 | 0 | 0 | 0 | 0 | 841,160,000 | 688,014,542 |
| 13003 | УПРАВА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ | 0 | 0 | 0 | -198,314,375 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -198,314,375 |
| 14001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 83,400,000 | 33,134,105 | 0 | 0 | 134,100,000 | 119,046,553 | 1,520,319,000 | 465,158,113 | 1,737,819,000 | 617,338,771 |
| 14002 | АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА | 3,500,000 | 5,620,293 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,500,000 | 5,620,293 |
| 14003 | УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ | 2,700,000 | 1,457,850 | 3,163,000 | 2,082,887 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,863,000 | 3,540,737 |
| 15001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 0 | -2,038,587 | 18,624,000 | 20,366,171 | 43,273,000 | 11,424,628 | 100,000,000 | 81,105,986 | 161,897,000 | 110,858,199 |
| 15010 | ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА | 16,510,000 | 7,183,347 | 116,318,000 | 43,610,712 | 2,114,206 | 0 | 0 | 0 | 134,942,206 | 50,794,059 |
| 15020 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 683,000 | 556,004 | 33,094,000 | 17,279,180 | 28,626,000 | 7,921,791 | 0 | 0 | 62,403,000 | 25,756,975 |
| 16001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 12,470,000 | 5,880,462 | 2,752,949,000 | 2,249,473,501 | 410,632,000 | 180,344,295 | 38,600,000 | 2,704,210 | 3,214,651,000 | 2,438,402,467 |
| 16002 | БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | 0 | 0 | 15,500,000 | 14,260,098 | 1,300,000 | 391,060 | 0 | 0 | 16,800,000 | 14,651,158 |

| Раздел | О П И С | Приходи од органи за 2006 | | Приходи од самофинансирачки активности за 2006 | | Приходи од донации за 2006 | | Приходи од кредити за 2006 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано |
| 16101 | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 3,500,000 | 59,890 | 0 | 0 | 43,700,000 | 14,743,710 | 49,497,000 | 18,142,618 | 96,697,000 | 32,946,217 |
| 18001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 800,000 | 697,796 | 1,250,000 | 559,725 | 74,278,000 | 31,449,341 | 145,082,000 | 97,276,854 | 221,410,000 | 129,983,715 |
| 18010 | ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА | 29,267,000 | 16,946,268 | 101,750,000 | 61,644,086 | 75,078,000 | 28,463,923 | 0 | 0 | 206,095,000 | 107,054,276 |
| 19001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 79,060,000 | 73,033,451 | 0 | 0 | 213,503,000 | 159,084,951 | 216,240,000 | 58,310,160 | 508,803,000 | 290,428,562 |
| 19101 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 0 | 0 | 0 | 2,092,000 | 99,000 | 99,224 | 0 | 0 | 99,000 | 2,191,224 |
| 19201 | АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО | 0 | 0 | 127,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 127,000 | 0 |
| 19301 | АГЕНЦИЈА ЗА ИНФОРМАЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -147,863 | 0 | 0 | 0 | -147,863 |
| 19302 | КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 0 | 0 | 0 | 0 | 148,000 | 147,863 | 0 | 0 | 148,000 | 147,863 |
| 20001 | КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 742,000 | 0 | 0 | 0 | 742,000 | 0 |
| 21001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 280,000 | 0 | 103,720,000 | 119,739,386 | 22,700,000 | 14,716,523 | 105,000,000 | 73,819,715 | 231,700,000 | 208,275,623 |
| 22001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | 10,000,000 | 5,208,040 | 7,100,000 | 2,932,276 | 2,800,000 | 345,549 | 0 | 0 | 19,900,000 | 8,485,864 |
| 24001 | ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 4,000,000 | 3,649,946 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,000,000 | 3,649,946 |
| 25001 | БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА | 8,000,000 | 6,410,187 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,000,000 | 6,410,187 |
| 26001 | МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ | 0 | 0 | 35,500,000 | 29,068,538 | 1,285,000 | 1,823,544 | 0 | 0 | 36,785,000 | 30,892,081 |
| 28001 | БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА | 22,650,000 | 23,022,052 | 0 | 0 | 305,478,000 | 124,917,516 | 0 | 0 | 328,128,000 | 147,939,568 |
| 29010 | СУДСКА ВЛАСТ | 68,826,000 | 68,855,571 | 77,000 | 47,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 68,903,000 | 68,903,071 |
| 31010 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 122,000 | 15,807 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 122,000 | 15,807 |
| 31101 | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 0 | 0 | 0 | 0 | 572,535 | 532,610 | 0 | 0 | 572,535 | 532,610 |
| 38002 | ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ - ТЕТОВО | 0 | 0 | 0 | -1,626,116 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -1,626,116 |
| 38004 | КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА - ГЕВГЕЛИЈА | 0 | 0 | 0 | -41,482 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -41,482 |

# Биланс на расходи на Централен буџет по буџетски корисници

| Раздел | О П И С | Буџет за 2006 | | Расходи од приходи на органи за 2006 | | Расходи од приходи од самофинансирачки активности за 2006 | | Расходи од донации за 2006 | | Расходи од кредити за 2006 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 88,576,000,000 | 82,275,008,657 | 1,793,849,000 | 1,247,821,440 | 5,269,719,000 | 4,177,200,888 | 1,584,019,741 | 764,830,994 | 3,132,401,000 | 1,297,624,117 | 100,355,988,741 | 89,762,486,095 |
| | | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано |
| 01001 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 68,180,000 | 58,654,098 | 0 | 0 | 0 | 0 | 235,000 | 234,608 | 0 | 0 | 68,415,000 | 58,888,706 |
| 01002 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ | 136,135,000 | 136,131,323 | 4,320,000 | 4,183,666 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140,455,000 | 140,314,989 |
| 02001 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 326,561,000 | 322,439,342 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700,000 | 247,681 | 0 | 0 | 327,261,000 | 322,687,023 |
| 02002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 55,904,000 | 53,343,399 | 32,008,000 | 11,926,257 | 0 | 0 | 3,205,000 | 2,187,725 | 0 | 0 | 91,117,000 | 67,457,380 |
| 02003 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА | 11,293,000 | 10,396,417 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11,293,000 | 10,396,417 |
| 02004 | ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА | 191,024,000 | 155,917,884 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 191,024,000 | 155,917,884 |
| 02005 | КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА | 13,502,000 | 11,563,583 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13,502,000 | 11,563,583 |
| 02006 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ | 6,524,000 | 4,962,504 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6,524,000 | 4,962,504 |
| 03001 | УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 27,369,000 | 24,094,313 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27,369,000 | 24,094,313 |
| 04001 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 235,546,000 | 222,090,733 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 235,546,000 | 222,090,733 |
| 04002 | СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РМ | 580,093,000 | 579,369,236 | 48,000,000 | 45,392,295 | 30,000,000 | 24,924,678 | 0 | 0 | 0 | 0 | 658,093,000 | 649,686,209 |
| 04003 | СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО | 13,128,000 | 10,400,804 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13,128,000 | 10,400,804 |
| 04006 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 43,716,000 | 42,181,221 | 1,042,000 | 881,408 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44,758,000 | 43,062,628 |
| 04007 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | 6,979,000 | 6,977,963 | 0 | 0 | 60,800,000 | 0 | 0 | 0 | 3,140,000 | 3,137,433 | 70,919,000 | 10,115,396 |
| 04008 | АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | 29,492,000 | 27,046,033 | 0 | 0 | 0 | 0 | 346,000 | 286,855 | 0 | 0 | 29,838,000 | 27,332,888 |
| 04009 | СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | 82,001,000 | 75,168,658 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34,617,000 | 26,037,382 | 0 | 0 | 116,618,000 | 101,206,040 |
| 05001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 5,655,844,000 | 5,625,014,844 | 121,600,000 | 56,546,535 | 177,400,000 | 140,503,139 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,954,844,000 | 5,822,064,517 |
| 05002 | ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ | 20,552,000 | 18,288,429 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20,552,000 | 18,288,429 |
| 05003 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 112,293,000 | 101,974,667 | 14,566,000 | 1,067,087 | 0 | 0 | 537,000 | 249,728 | 0 | 0 | 127,396,000 | 103,291,482 |
| 05004 | ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 117,573,000 | 106,218,029 | 0 | 0 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 117,623,000 | 106,218,029 |
| 06001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 7,114,006,000 | 7,087,953,693 | 559,234,000 | 424,504,515 | 66,000,000 | 50,483,742 | 8,556,000 | 5,715,198 | 0 | 0 | 7,747,796,000 | 7,568,657,148 |
| 07001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 285,455,000 | 278,849,288 | 7,400,000 | 6,440,335 | 0 | 0 | 258,000 | 179,871 | 28,500,000 | 1,177,372 | 321,613,000 | 286,646,866 |
| 07002 | УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 377,822,000 | 343,512,390 | 70,000 | 0 | 3,510,000 | 1,406,076 | 0 | 0 | 0 | 0 | 381,402,000 | 344,918,466 |
| 08001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 888,471,000 | 882,707,071 | 140,000,000 | 135,715,959 | 0 | 0 | 2,000,000 | 355,552 | 0 | 0 | 1,030,471,000 | 1,018,778,582 |
| 09001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 382,800,000 | 341,230,660 | 11,750,000 | 6,830,314 | 0 | 0 | 58,723,000 | 30,069,634 | 450,000,000 | 337,060,364 | 903,273,000 | 715,190,971 |
| 09002 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | 33,249,097,000 | 27,940,097,551 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 99,659,000 | 27,618,874 | 33,348,756,000 | 27,967,716,424 |
| 09003 | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 514,742,000 | 514,131,918 | 64,700,000 | 55,498,673 | 0 | 0 | 600,000 | 131,165 | 80,000,000 | 42,969,399 | 660,042,000 | 612,731,154 |
| 09004 | БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ | 400,492,000 | 351,952,556 | 0 | 0 | 844,587,000 | 749,383,391 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,245,079,000 | 1,101,335,947 |

| Раздел | О П И С | Буџет за 2006 | | Расходи од приходи на органи за 2006 | | Расходи од приходи од самофинансирачки активности за 2006 | | Расходи од донации за 2006 | | Расходи од кредити за 2006 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано |
| 09005 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 466,675,000 | 448,265,811 | 196,000,000 | 152,897,142 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 662,675,000 | 601,162,953 |
| 10001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 456,568,000 | 407,903,306 | 101,605,000 | 67,008,420 | 0 | 0 | 2,050,000 | 807,800 | 36,323,000 | 8,181,195 | 596,546,000 | 483,900,721 |
| 11002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000,000 | 41,755,806 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000,000 | 41,755,806 |
| 12101 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 225,450,000 | 201,212,770 | 100,000,000 | 47,794,320 | 7,040,000 | 3,500,992 | 78,004,000 | 10,902,615 | 0 | 0 | 410,494,000 | 263,410,697 |
| 13001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 853,691,000 | 798,463,293 | 45,786,000 | 29,131,507 | 0 | 0 | 33,760,000 | 21,986,631 | 260,041,000 | 38,719,623 | 1,193,278,000 | 888,301,053 |
| 13002 | УПРАВА ЗА ЦИВИЛНО-ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА | 0 | 0 | 0 | 0 | 841,160,000 | 697,894,383 | 0 | 0 | 0 | 0 | 841,160,000 | 697,894,383 |
| 14001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 2,120,919,000 | 2,097,166,028 | 83,400,000 | 30,871,118 | 0 | 0 | 134,100,000 | 119,118,388 | 1,520,319,000 | 503,314,065 | 3,858,738,000 | 2,750,469,598 |
| 14002 | АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА | 46,475,000 | 44,600,992 | 3,500,000 | 2,488,237 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49,975,000 | 47,089,229 |
| 14003 | УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ | 86,512,000 | 82,147,829 | 2,700,000 | 1,119,439 | 3,163,000 | 2,425,163 | 0 | 0 | 0 | 0 | 92,375,000 | 85,692,431 |
| 15001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 153,751,000 | 148,174,039 | 0 | 0 | 18,624,000 | 8,515,940 | 43,273,000 | 18,685,961 | 100,000,000 | 81,103,799 | 315,648,000 | 256,479,738 |
| 15010 | ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА | 826,724,000 | 808,467,670 | 16,510,000 | 16,510,000 | 116,318,000 | 44,479,845 | 2,114,206 | 0 | 0 | 0 | 961,666,206 | 869,457,514 |
| 15020 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 17,650,869,000 | 17,319,702,842 | 683,000 | 523,796 | 33,094,000 | 18,981,862 | 28,626,000 | 5,277,467 | 0 | 0 | 17,713,272,000 | 17,344,485,967 |
| 16001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 10,339,193,000 | 10,293,179,259 | 12,470,000 | 5,621,976 | 2,752,949,000 | 2,198,932,843 | 410,632,000 | 163,973,546 | 38,600,000 | 2,767,125 | 13,553,844,000 | 12,664,474,749 |
| 16002 | БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | 82,534,000 | 71,700,038 | 0 | 0 | 15,500,000 | 12,581,106 | 1,300,000 | 869,002 | 0 | 0 | 99,334,000 | 85,150,146 |
| 16101 | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 88,249,000 | 88,089,289 | 3,500,000 | 0 | 0 | 0 | 43,700,000 | 13,003,206 | 49,497,000 | 16,278,913 | 184,946,000 | 117,371,407 |
| 18001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 143,510,000 | 142,710,013 | 800,000 | 399,852 | 1,250,000 | 591,662 | 74,278,000 | 34,979,779 | 145,082,000 | 115,514,632 | 364,920,000 | 294,195,937 |
| 18010 | ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА | 1,209,020,000 | 1,206,490,405 | 29,267,000 | 16,924,270 | 101,750,000 | 61,031,806 | 75,078,000 | 31,329,680 | 0 | 0 | 1,415,115,000 | 1,315,776,161 |
| 19001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 451,925,000 | 440,338,797 | 79,060,000 | 36,001,067 | 0 | 0 | 213,503,000 | 132,617,289 | 216,240,000 | 45,978,494 | 960,728,000 | 654,935,646 |
| 19101 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 35,000,000 | 24,106,374 | 0 | 0 | 0 | 0 | 99,000 | 99,000 | 0 | 0 | 35,099,000 | 24,205,374 |
| 19201 | АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО | 15,949,000 | 14,210,278 | 0 | 0 | 127,000 | 94,059 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16,076,000 | 14,304,337 |
| 19301 | АГЕНЦИЈА ЗА ИНФОРМАЦИИ | 21,234,000 | 20,678,098 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21,234,000 | 20,678,098 |
| 19302 | КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 9,102,000 | 6,849,620 | 0 | 0 | 0 | 0 | 148,000 | 147,400 | 0 | 0 | 9,250,000 | 6,997,020 |
| 20001 | КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ | 5,737,000 | 4,889,590 | 0 | 0 | 0 | 0 | 742,000 | 430,486 | 0 | 0 | 6,479,000 | 5,320,075 |
| 21001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 266,232,000 | 251,752,521 | 280,000 | 0 | 103,720,000 | 87,548,768 | 22,700,000 | 14,406,585 | 105,000,000 | 73,802,832 | 497,932,000 | 427,510,705 |
| 22001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | 144,050,000 | 134,085,398 | 10,000,000 | 4,557,472 | 7,100,000 | 4,016,110 | 2,800,000 | 577,480 | 0 | 0 | 163,950,000 | 143,236,460 |
| 24001 | ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 80,999,000 | 78,227,858 | 4,000,000 | 3,947,397 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 84,999,000 | 82,175,254 |
| 25001 | БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА | 13,332,000 | 10,433,857 | 8,000,000 | 5,836,143 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21,332,000 | 16,270,000 |
| 26001 | МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ | 67,651,000 | 65,286,132 | 0 | 0 | 35,500,000 | 28,083,781 | 1,285,000 | 766,745 | 0 | 0 | 104,436,000 | 94,136,657 |
| 28001 | БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА | 180,322,000 | 174,699,049 | 22,650,000 | 17,616,920 | 0 | 0 | 305,478,000 | 128,613,482 | 0 | 0 | 508,450,000 | 320,929,451 |
| 29010 | СУДСКА ВЛАСТ | 1,291,673,000 | 1,271,781,691 | 68,826,000 | 59,551,253 | 77,000 | 65,740 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,360,576,000 | 1,331,398,683 |
| 31010 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 239,869,000 | 232,584,334 | 122,000 | 34,076 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 239,991,000 | 232,618,410 |
| 31101 | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 56,191,000 | 54,142,879 | 0 | 0 | 0 | 0 | 572,535 | 543,056 | 0 | 0 | 56,763,535 | 54,685,935 |

| Поткатегорија | Ставка | Основна и поблиска намена | План за 2006 | Извршено во 2006 |
|---|---|---|---|---|
| | | **ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА** | | |
| | | **БИЛАНС НА ПРИХОДИ** | **32,468,477,000** | **32,642,239,055** |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **20,610,340,000** | **22,120,783,775** |
| | 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | 19,961,760,000 | 21,459,781,946 |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 648,480,000 | 661,000,080 |
| | 716 | Други даноци | 100,000 | 1,749 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **187,400,000** | **223,749,686** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 20,000,000 | 1,253,560 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 8,000,000 | 9,414,665 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 159,400,000 | 213,081,461 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **10,703,657,000** | **9,335,102,108** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 10,703,657,000 | 9,335,102,108 |
| **77** | | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **967,080,000** | **962,603,486** |
| | 771 | Продажба на хартии од вредност | 967,080,000 | 962,603,486 |
| | | **БИЛАНС НА РАСХОДИ** | **32,468,477,000** | **31,206,697,337** |
| **40** | | **ПЛАТИ,НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **237,840,000** | **207,953,470** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 174,510,000 | 150,675,694 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 63,330,000 | 57,277,776 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **312,550,000** | **258,504,796** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 6,600,000 | 4,153,651 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 175,150,000 | 155,714,427 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 15,700,000 | 10,464,398 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 33,250,000 | 24,552,910 |
| | 425 | Договорни услуги | 77,900,000 | 61,192,458 |
| | 426 | Други тековни расходи | 3,950,000 | 2,426,952 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **10,270,000** | **6,119,797** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 6,970,000 | 5,355,798 |
| | 464 | Разни трансфери | 3,300,000 | 763,999 |
| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **30,745,277,000** | **30,537,775,371** |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | 30,745,277,000 | 30,537,775,371 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1,162,540,000** | **196,343,903** |
| | 481 | Градежни објекти | 184,280,000 | 176,043,926 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 31,180,000 | 20,299,977 |
| | 486 | Финансиски средства | 947,080,000 | 0 |

| Поткатегорија | Ставка | Основна и поблиска намена | План за 2006 | Извршено во 2006 |
|---|---|---|---|---|
| | | **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА** | | |
| | | **БИЛАНС НА ПРИХОДИ** | **16,614,490,000** | **16,504,895,974** |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **9,275,989,000** | **15,536,963,040** |
| | 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | 9,275,989,000 | 15,536,963,040 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1,446,455,000** | **801,815,004** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 743,946 |
| | 722 | Такси и надоместоци | 0 | 1,500 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 1,446,455,000 | 801,069,558 |
| **73** | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **0** | **9,010,363** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 0 | 9,010,363 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **5,892,046,000** | **157,107,567** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 5,892,046,000 | 84,803,860 |
| | 742 | Донации од странство | 0 | 72,303,707 |
| | | **БИЛАНС НА РАСХОДИ** | **16,614,490,000** | **16,280,394,469** |
| **40** | | **ПЛАТИ,НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **194,000,000** | **169,093,692** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 142,564,000 | 123,399,214 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 51,127,000 | 45,417,400 |
| | 403 | Останати придонеси од плата | 309,000 | 277,078 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **15,110,490,000** | **14,931,504,160** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 4,000,000 | 3,626,068 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 40,000,000 | 36,684,096 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 9,500,000 | 10,501,345 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 25,000,000 | 17,407,188 |
| | 425 | Договорни услуги | 14,916,990,000 | 14,736,281,183 |
| | 426 | Други тековни расходи | 115,000,000 | 127,004,280 |
| **45** | | **КАМАТИ** | **0** | **0** |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 0 | 0 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** |
| | 464 | Разни трансфери | 0 | 0 |
| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1,200,000,000** | **1,116,085,661** |
| | 474 | Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 1,200,000,000 | 1,116,085,661 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **110,000,000** | **63,710,956** |
| | 481 | Градежни објекти | 15,000,000 | 2,884,894 |
| | 482 | Други градежни објекти | 5,000,000 | 55,601 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 20,000,000 | 11,526,177 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 70,000,000 | 49,244,284 |

| Поткатег. | Ставка | Основна и поблиска намена | План за 2006 | Извршено во 2006 |
|---|---|---|---|---|
| | | **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | |
| | | **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ** | **6,137,801,000** | **6,026,955,085** |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1,370,000,000** | **1,370,812,486** |
| | 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | 1,370,000,000 | 1,370,812,486 |
| | 716 | Други даноци | 0 | 0 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **12,000,000** | **11,039,850** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 300,000 | 148,953 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 2,400,000 | 2,729,423 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 9,300,000 | 8,161,474 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **4,755,801,000** | **4,645,102,749** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 4,755,801,000 | 4,645,102,749 |
| | | **БИЛАНС НА РАСХОДИ** | **6,137,801,000** | **5,919,786,868** |
| **40** | | **ПЛАТИ,НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **164,315,000** | **156,745,690** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 118,610,000 | 110,918,830 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 45,405,000 | 45,574,374 |
| | 403 | Останати придонеси од плата | 300,000 | 252,486 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **76,035,000** | **73,094,731** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 3,300,000 | 3,018,815 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 49,020,000 | 45,858,807 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6,495,000 | 6,134,050 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 2,520,000 | 2,484,770 |
| | 425 | Договорни услуги | 9,150,000 | 9,835,196 |
| | 426 | Други тековни расходи | 5,550,000 | 5,763,093 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **14,203** |
| | 464 | Разни трансфери | 0 | 14,203 |
| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **5,892,801,000** | **5,685,379,771** |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 5,892,801,000 | 5,685,379,771 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4,650,000** | **4,552,473** |
| | 481 | Градежни објекти | 150,000 | 90,798 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 4,500,000 | 4,461,675 |

| Поткатег. | Ставка | Основна и поблиска намена | План за 2006 | Извршено во 2006 |
|---|---|---|---|---|
| | | **ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА** | | |
| | | **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ** | **4,180,613,000** | **3,343,764,379** |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1,650,000,000** | **1,578,918,344** |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1,650,000,000 | 1,578,918,344 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **30,000,000** | **31,813,393** |
| | 724 | Други владини услуги | 30,000,000 | 161,500 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 0 | 31,651,893 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **1,350,613,000** | **1,363,530,823** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 1,350,613,000 | 1,363,530,823 |
| **76** | | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | **1,150,000,000** | **369,501,819** |
| | 761 | Меѓународни развојни агенции | 1,150,000,000 | 369,501,819 |
| | | **БИЛАНС НА РАСХОДИ** | **4,180,613,000** | **3,326,706,619** |
| **40** | | **ПЛАТИ,НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **17,695,000** | **13,130,280** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 12,850,000 | 8,626,998 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 4,810,000 | 4,481,780 |
| | 403 | Останати придонеси од плата | 35,000 | 21,502 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,195,087,000** | **1,015,854,063** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 2,000,000 | 987,106 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 24,023,000 | 19,175,835 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 1,060,000 | 1,240,605 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 925,300,000 | 882,712,919 |
| | 425 | Договорни услуги | 80,613,000 | 87,687,316 |
| | 426 | Други тековни расходи | 162,091,000 | 24,050,282 |
| **45** | | **КАМАТИ** | **282,504,000** | **273,600,686** |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 282,504,000 | 273,600,686 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **12,000,000** | **13,905,837** |
| | 464 | Разни трансфери | 12,000,000 | 13,905,837 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2,184,787,000** | **1,533,580,672** |
| | 482 | Други градежни објекти | 1,683,487,000 | 1,031,855,650 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 620,000 | 473,940 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | 680,000 | 251,082 |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 500,000,000 | 501,000,000 |
| **49** | | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **488,540,000** | **476,635,081** |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 488,540,000 | 476,635,081 |

Член 3

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

**2220.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 2 септември 2008 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА ПЕРИОД 2008-2010 ГОДИНА

I.

1. Со оваа среднорочна Програма за формирање на стоковните резерви за периодот 2008-2010 година, согласно со Законот за стоковните резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004), се утврдува видот и количината на стоковните резерви.

2. Стоковните резерви се формираат од производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Република Македонија.

3. Стоковните резерви ги сочинуваат: пченица, пченка, јачмен, готварска сол, масло за јадење, нафтени деривати, лекови и медицински помагала.

4. Количините на одделни стоки во стоковните резерви се димензионираат така што да обезбедат покриеност на потрошувачката за:

| | |
|---|---|
| - пченица | за 90 дена, |
| - пченка | за 60 дена, |
| - јачмен | за 60 дена, |
| - готварска сол | за 45 дена, |
| - масло за јадење | за 45 дена, |
| - нафтени деривати | за 50 дена просечно, |

пресметано според просечната дневна потрошувачка во претходната календарска година.

5. Заради полесно чување и одржување, маслото за јадење ќе се чува во вид на сурово сончогледово масло.

6. Под нафтени деривати се подразбира: моторен бензин, дизел гориво, екстра лесно гориво ЕЛ и мазут.

7. Структурата и количините на лекови и медицински потрошен материјал во стоковните резерви ги предлага Министерството за здравство и се димензионираат така што да обезбедат опфаќање на сите неопходни лекови по фармакодинамски групи кои ги покриваат потребите на населението во воена, вонредна состојба и елементарни непогоди, сметајќи ги тука и серумите, дијагностиците и вакцините кои ќе се набават со пресметан ризик дека не ќе можат да бидат потрошени во рок на траење.

II.

1. Постојната состојба на количините на стоки во стоковните резерви е следнава:

| | |
|---|---|
| - пченица | за 67 дена, |
| - пченка | за 24 дена, |
| - јачмен | за 21 ден, |
| - готварска сол | за 45 дена, |
| - масло за јадење | за 43 дена, |
| - моторен бензин | за 50 дена, |
| - дизел гориво Д | за 44 дена, |
| - екстра лесно гориво ЕЛ | за 65 дена, |
| - мазут М2 | за 29 дена. |

2. До крајот на 2010 година ќе се изврши дополнување на стоковните резерви, и тоа со:

| | |
|---|---|
| - пченица | до 90 дена, |
| - пченка | до 60 дена, |
| - јачмен | до 60 дена, |
| - готварска сол | до 45 дена, |
| - масло за јадење | до 45 дена, |
| - нафтени деривати (просечно) | до 50 дена. |

III.

1. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07 - 3731/1
2 септември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2221.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.08.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА УЧИЛИШЕН ИНВЕНТАР ВО НОВАТА УЧИЛИШНА ЗГРАДА НА ОУ„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ" ВО ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства на ОУ „Јан Амос Коменски" во општина Карпош – Скопје, во вкупен износ од 3.600.000 денари, за набавка на нов училишен инвентар во новоизградената училишна зграда на училиштето.

Член 2

Финансиските средства се обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2008 година, Раздел 16001 -Министерството за образование и наука, програма 2 - основно образование, Потпрограма 20 - основно образование, ставка 483 - купување мебел, опрема, возила и машини.

Член 3

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука, да се префрлат на жиро-сметка на корисникот ОУ „Јан Амос Коменски".

Член 4

Се задолжува Министерството за образование и наука да ја изврши оваа одлука.

Член 5

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3950/1
19 август 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2222.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ УПРАВЕН ОДБОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ И ЗА ИНТЕГРАЛНО КОМПЈУТЕРСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И НИВНО ПОВРЗУВАЊЕ СО БРИСЕЛ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Управен одбор за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел (во натамошниот текст: Управен одбор) и се уредува неговата работа, задачи и структурата на неговиот состав.

Член 2

Управниот одбор е координативно тело кое остварува координација, следење и воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел.

Член 3

Управниот одбор ќе донесе Деловник за работа во кој ќе се дефинира правилата и процедурите за работа на Управниот одбор.

Деловникот за работа од став 1 на овој член ќе се донесе со двотретинско мнозинство од членовите на Управниот одбор, а по претходно прибавено мислење од Националната комисија за интегрирано гранично управување и Националниот координативен центар за гранично управување.

Со актот од став 1 на овој член ќе се дефинираат сите работни процеси и начинот на функционирање и комуникацијата на Управниот одбор со Националната комисија за интегрирано гранично управување и Националниот координативен центар за гранично управување.

Управниот одбор ќе донесе План и Елаборат за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел. По предлог – Планот и предлог – Елаборатот за воспоставување на информациско – комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел мислење даваат Националната комисија за интегрирано гранично управување и Националниот координативен центар за гранично управување.

Стручно административните работи на Управниот одбор ќе ги врши Националниот координативен центар за гранично управување поддржано и од Министерството за информатичко општество.

Член 4

Управниот одбор се состои од:
- претседател,
- заменик на претседателот,
- координатор,
- 16 членови.

Член 5

Претседател на Управниот одбор е министерот надлежен за информатичкото општество.

Член 6

Заменик на претседателот на Управниот одбор е Координаторот на Националниот координативен центар за гранично управување.

Член 7

Координатор е раководен работник од областа на информатичкото општество на предлог на министерот за информатичко општество.

Член 8

Членови на Управниот одбор се:
- претседателот на Националната комисија за интегрирано гранично управување;
- по еден член од министерствата и институциите кои имаат надлежности во воспоставувањето на интегрираното гранично управување од областа на информатичкото општество;
- претставник од Дирекцијата за класифицирани податоци;
- претставник од Дирекцијата за заштита на лични податоци;
- два претставника од бизнис секторот на Република Македонија, по еден претставник од Сојузот на стопански комори и Стопанска комора на Република Македонија.

Член 9

Управниот одбор најмалку на секој два месеци до Владата на Република Македонија доставува извештај за својата работа. Управниот одбор пред да го достави извештајот до Владата на Република Македонија, истиот го доставува на мислење до Националната комисија за интегрирано гранично управување и Националниот координативен центар за гранично управување.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4062/1
26 август 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски**, с.р.

---

**2223.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 август 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ И ЗА ИНТЕГРАЛНО КОМПЈУТЕРСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И НИВНО ПОВРЗУВАЊЕ СО БРИСЕЛ**

1. За претседател, заменик на претседателот и членови на Управниот одбор за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел се именуваат:

а) за претседател

- Иво Ивановски-министер за информатичко општество

б) за заменик на претседателот

- Д-р Гоце Џуклески, координатор на Националниот координативен центар за гранично управување

в) за координатор

- Дарко Дамјански-помошник на министерот за внатрешни работи за секторот за информатика при МВР

г) за членови

- Љупчо Фармакоски-претседател на Националната комисија за интегрирано гранично управување
- Џенк Сејфула-Секретаријат за европски прашања
- Дејан Рајчановски-Царинска управа
- Сашо Котевски-Министерство за надворешни работи
- Лиле Стојковска-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Жаклина Чагоровска-Министерство за здравство
- Благојче Крстевски-Министерство за транспорт и врски
- Драган Кеврешан-Министерство за одбрана
- Игор Пауновски-Министерство за животна средина и просторно планирање
- Ангелина Мишева-Дирекција за радијациона сигурност
- Сали Емрула-Министерство за локална самоуправа
- Слободан Карајованович-Државен завод за статистика
- Ивица Георгиевски-Дирекција за безбедност на класифицирани податоци
- Ангел Тодоровски-Дирекција за заштита на лични податоци
- Владимир Матевски-Сојуз на стопанските комори
- Љубица Нури-Стопанска комора на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4062/2
26 август 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**2224.**

Врз основа на член 545-а од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ ЗА ВПАРИЧУВАЊЕ НА ИМОТОТ НА ДРУШТВОТО ВО ЛИКВИДАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој претставува ликвидациона маса по пат на: јавно наддавање; јавен оглас за прибирање на понуди и непосредна спогодба.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Проценета вредност на имотот на друштвото во ликвидација„ е вредноста определена од вешто лице (проценител), заснована на ликвидационата вредност на предметниот имот согласно меѓународните стандарди за проценка.

2. „Ликвидациона вредност„ е паричен износ кој може да се оствари со поединечна продажба на делови од имотот на друштвото во ликвидација на дадениот пазар во краток временски период.

3. „Продажна документација„ е документација изготвена во врска со продажбата на имотот и се состои од: пописна листа со опис на имотот, означување на намената на имотот, проценета вредност на имотот, како и сите дополнителни информации за имотот кои се од значење за определување на неговата вредност.

4. „Почетна цена„ е вредност врз основа на која започнува постапката за јавно наддавање или постапката на јавниот оглас за прибирање на понуди.

5. „Депозит„ е уплатување на паричен износ или депонирање на неотповиклива првокласна банкарска гаранција на начин определен од страна на ликвидаторот.

6. „Јавно наддавање„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што по огласување и прифаќање на почетната цена, заинтересираните купувачи јавно ги истакнуваат своите безусловни понуди за купување на имотот кои треба да се повисоки од претходно истакнатата понуда.

7. „Јавен оглас за прибирање на понуди„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што заинтересираните купувачи ги истакнуваат своите понуди по писмен пат во затворени пликови кои се отвораат на јавно објавено место и во присуство на претставници на понудувачите и други лица.

8. „Непосредна спогодба„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што ликвидаторот директно го известува потенцијалниот купувач или идните купувачи за условите за продажбата.

Член 3

(1) Впаричувањето по пат на јавно наддавање го организира и спроведува ликвидаторот. При спроведувањето на постапката на ликвидаторот можат да му помагаат и други лица кои тој ќе ги овласти или ангажира.

(2) Кога впаричувањето на имотот се спроведува со јавно наддавање, ликвидаторот во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката на органот на управување:

1) го објавува огласот за начинот на впаричувањето;

2) води евиденцијата на уплатените односно примени депозити;

3) ги регистрира учесниците на јавното наддавање;

4) го спроведува јавното наддавање;

5) води записник за текот на јавното наддавање;

6) констатира кој од пријавените учесници на јавното наддавање понудил најдобра цена и се стекнал со право да го купи имотот предмет на јавното наддавање;

7) го доставува записникот и другите писмени докази од спроведеното јавно наддавање до органот на управување на друштвото во ликвидација.

(3) Ликвидаторот впаричувањето на имотот со јавно наддавање го огласува во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија.

(4) Ликвидаторот може да го објави огласување на јавното наддавање и во еден странски весник, преку ВЕБ страница на Министерството за економија, како и со директно известување на потенцијалните купувачи за продажбата. Овие начини на огласување на впаричувањето се спроведуваат особено во случај ако проценетата вредност на имотот предмет на впаричувањето го поминува износот од еден милион евра во денарска противвредност.

Член 4

(1) Огласот за впаричување на имотот по пат на јавно наддавање содржи:

1) начин и услови на впаричувањето;

2) време и место за разгледување на имотот предмет на впаричувањето;

3) време и место на одржување на јавното наддавање;

4) краток опис на имотот кој се впаричува со податоци за неговата намена и реални товари ако ги има (право на службеност, заштитени права на трети лица и сл.);

5) почетна цена на имотот предмет на јавното наддавање;

6) висина на депозитот кој заинтересираните учесници на јавното наддавање се должни да го уплатат, како и начинот и рокот на уплата на депозитот, како и начинот и местото на преземањето на обрасците со изјава на заинтересираниот учесник на јавното наддавање дека се согласува со начинот на губење односно со правото за враќање на депозитот во случаите утврдени во овој правилник;

7) опис на постапката за јавно наддавање и услови под кои ќе биде определен понудувачот кој се стекнал со право да го купи предметниот имот;

8) рокот во кој понудувачот кој се стекнал со право да го купи предметниот имот е должен да ја уплати понудената цена; и

9) други податоци за кои ликвидаторот смета дека се од значење за успешно впаричување на имотот со јавното наддавање.

(2) Условите за впаричувањето треба да содржат и информација за начинот и условите на доставување на продажната документација на сите заинтересирани учесници на јавното наддавање, со јасна ознака дека информациите се доставуваат само за потребите за нивното учество на јавното наддавање. Продажната документација задолжително содржи известување дека податоците содржани во таа документација не се засновани на личен заклучок и истражување на ликвидаторот за имотот кој се продава, односно дека ликвидаторот не гарантира за недостатоците на имотот кој е предмет на впаричувањето, како и дека купувачите треба да ги прифатат како конечни наведените количини, карактеристики и намена на имотот. Ликвидаторот заинтересираните купувачи ги известува за сите недостатоци на предметниот имот за кои има сознание до моментот на впаричувањето.

(3) Со потпишување на образецот за изјавата за губење на правото односно за враќање на депозитот, учесникот на јавното наддавање се согласува депозитот да не му биде вратен во следните случаи:

1) Ако учесникот на јавното наддавање не се регистрира во рокот утврден пред започнување на јавното наддавање;

2) Ако учесникот на јавното наддавање не се појави на местото и во времето за кога е определено одржувањето на јавното наддавање за продажба на имотот на должникот;

3) Ако ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифати утврдената почетна цена на имотот предмет на јавното наддавање;

4) Ако учесникот на јавното наддавање кој се стекнал со правото да го купи предметниот имот не ја уплати понудената цена во рок од 15 дена од денот кога се стекнал со правото да го купи предметниот имот.

(4) Доколку при јавното наддавање ликвидаторот оствари средства по основ на задржување на уплатените депозити тие се уплаќаат на сметката на друштвото во ликвидација.

(5) Впаричувањето на имотот по пат на јавно наддавање по правило се врши во просториите на друштвото во ликвидација. Ако ликвидаторот процени дека во конкретниот случај поцелисходно е впаричувањето да се одржи на местото каде се наоѓа имотот, или на некое друго место, ликвидаторот тоа место ќе го определи со огласот за впаричувањена имотот по пат на јавно наддавање, како место за впаричување.

(6) При определување на времето на јавното наддавање ликвидаторот води сметка истото да биде определено на тој начин што ќе им овозможи присуство на сите заинтересирани учесници.

(7) Ликвидаторот го истакнува известувањето за впаричувањето на имотот со јавно наддавање на видно место на местото каде се наоѓа имотот кој е предмет на впаричувањето.

(8) Ликвидаторот обезбедува еднакви услови за сите заинтересирани купувачи, кога е во прашање разгледување на имотот кој се впаричува. Разгледувањето на имотот може да се врши само преку ден и во точно определени временски интервали.

(9) Учесниците на јавното наддавање можат да го разгледуваат имотот најдоцна седум дена пред денот на одржување на јавното наддавање.

(10) Депозитот кој што учесниците на јавното наддавање треба да го уплатат за да учествуваат на јавното наддавање изнесува 10% од почетната цена на впаричувањето на имотот.

(11) Впаричувањето на имотот со јавно наддавање се спроведува во перидот од 8 до 15 дена од денот на објавувањето на огласот за продажба.

(12) Ликвидаторот води посебна евиденција на уплатените депозити. Уплатата на депозитот се смета како пријава за учество на јавното наддавање.

(13) Ликвидаторот го спроведува јавното наддавање така што:

1) ги регистрира лицата кои имаат право на учество на јавното наддавање;

2) го отвора јавното наддавање со читање на правилата за наддавање;

3) ги повикува учесниците да ја истакнат цената која се спремни да ја платат;

4) одржува ред на јавното наддавање;

5) констатира дека определен учесник на јавното наддавање предложил највисока цена во случај кога некој друг учесник на јавното наддавање нема да истакне повисока цена од последната понудена цена ниту по третиот повик од страна на ликвидаторот;

6) го потпишува записникот за јавното наддавање.

(14) Под регистрација на лицата од став 13 точка 10 од овој член се подразбира:

1) Проверка на идентитетот на учесникот на јавното наддавање или неговиот полномошник и потврда за уплатен депозит;

2) Издавање на картичка;

3) Потпис на учесникот на јавното наддавање или неговиот полномошник на листата на учесници.

(15) Учесникот на јавното наддавање кој нема да се регистрира на пропишаниот начин или не дојде на јавното наддавање за продажба на предметниот имот, го губи правото на враќање на депозитот.

(16) Ликвидаторот започнува со регистрација на учесниците на местото на одржување на јавното наддавање два часа пред почетокот на јавното наддавање. Регистрацијата на учесниците треба да заврши 15 минути пред времето определено за почеток на јавното наддавање..

(17) Во времето кое е определено со огласот за јавното наддавање како време на започнување на јавното наддавање, ликвидаторот го отвора јавното наддавање со тоа што:

1) го наведува имотот кој е предмет на јавното наддавање;

2) ја соопштува почетната цена на имотот предмет на јавното наддавање и ја објаснува понатамошната постапка за спроведување на јавното наддавање;

3) ги повикува учесниците да побараат појаснување во врска со имотот кој е предмет на продажба, почетната цена, како и понатамошната постапка на јавното наддавање.

(18) Во случај кога на јавното наддавање е регистриран само еден учесник на јавното наддавање, истиот се повикува да ја прифати почетната цена со подигање на картицата. Ако учесникот на јавното наддавање ја прифати почетната цена се констатира дека истиот ја доставил и најдобрата понуда, а почетната цена на јавното наддавање се прогласува за продажна цена.

(19) Ако пред почетокот на јавното наддавање уредно се регистрирале повеќе учесници на јавното наддавање, ликвидаторот го започнува јавното наддавање со тоа што ја објавува почетната цена, го утврдува секое наредно зголемување на цената и ги повикува учесниците да истакнат понуди со подигнување на картиците. Апсолутниот износ на зголемувањето на цената не може да биде поголем од износот на депозитот кој што учесниците на јавното наддавање го уплатиле и истиот го утврдува ликвидаторот.

(20) Утврдувањето на новата цена се повторува се додека учесниците истакнуваат понуди на утврдената цена. Доколку учесниците по вториот повик од ликвидаторот не истакнале понуда на последната утврдена цена, ликвидаторот го упатува последниот повик за истакнување на понуди. Кога ниту по третиот повик на ликвидаторот нема да биде истакната нова понуда, ликвидаторот го прогласува јавното наддавање за завршено и констатира дека учесникот кој понудил највисока цена е најповолен понудувач и се стекнал со право да го купи предметниот имот.

(21) Ако ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифати почетната цена, јавното наддавање се прогласува за неуспешно, а учесниците го губат правото на враќање на депозитот.

(22) Ликвидаторот определува лице кое ќе го води записникот за јавното наддавање. Записникот ги содржи следните елементи:

1) список на регистрирани учесници;

2) утврдена почетна цена;

3) висина на зголемувањето на цената;

4) текот на јавното наддавање;

5) конечна продажна цена постигната на јавното наддавање;

6) податоци за учесникот кој понудил највисока цена и се стекнал со право да го купи предметниот имот и податоци за учесникот кој понудил втора највисока цена;

7) име и презиме на ликвидаторот и записничарот;

8) датум и час на почеток и завршување на јавното наддавање; и

9) име и презиме на членовите на органот на управување кои биле присутни на јавното наддавање.

(23) Записникот за јавното наддавање го потпишуваат:

1) ликвидаторот и записничарот;

2) учесникот кој понудил највисока цена и се стекнал со правото да го купи предметниот имот или неговиот овластен застапник; и

3) учесникот на јавното наддавање кој понудил втора највисока цена или неговиот овластен застапник.

(24) Впаричувањето по објавениот оглас за јавно наддавање се смета дека не успеало ако:

1) ниту еден учесник не се пријавил и не уплатил депозит;

2) ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифатил почетната цена;

3) доколку учесникот на јавното наддавање кој како втор е прогласен за купувач не ја уплати купопродажната цена во пропишаниот рок и по пропишана постапка, и во тој случај се губи правото на поврат на депозитот.

(25) Ако впаричувањето на првото јавно наддавање е неуспешно, ликвидаторот, следнато впаричување на предметниот имот ќе го спроведе, по пат на јавно наддавање со повторно објавување на огласот за јавно наддавање со почетна цена која неможе да биде помала од половина на проценетата вредност.

Член 5

(1) Впаричување на имотот на друштвото во ликвидација по пат на јавен оглас за прибирање на понуди ја организира и спроведува ликвидаторот. При спроведување на постапката на ликвидаторот можат да му помагаат и други лица кои тој ќе ги овласти или ангажира, во согласност со овој правилник.

(2) Кога впаричувањето на имотот се спроведува по пат на јавен оглас за прибирање на понуди ликвидаторот треба да:

1) ја објави продажбата на имотот;

2) ги собере понудите;

3) ги отвори пристигнатите понудите;

4) ги отфрли или ги одбие понудите, како и да констатира која од доставените понуди е најповолна; и

5) ги информира учесниците за резултатите од јавниот оглас за прибирање на понуди.

(3) Ликвидаторот впаричувањето на имотот по пат на јавно прибирање на понуди го огласува во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија.

(4) Ликвидаторот може огласот за прибирање на понуди, да го објави во еден странски весник, и на ВЕБ страницата на Министерството за економија. Ликвидаторот, ваквиот начин на објавување на огласот за впаричување на имотот по пат на прибирање на понуди го врши, во случај кога проценетата вредност на имотот кој е предмет на продажба го надминува износот од еден милион евра во денарска противвредност.

Член 6

(1) Јавниот оглас за впаричување на имотот на друштвото во ликвидација со прибирање на понуди содржи:

1) начин и услови на впаричување, како и место и време во кое може заинтересираните учесници да ја подигнат продажната документација;

2) време и место за разгледување на имотот ;

3) место и краен рок за доставување на понуди;

4) краток опис на имотот кој се впаричува со податоци за намената и евентуалните реални товари (права на службеност, заштитени права на трети лица и сл.);

5) проценета вредност на имотот, со напомена дека проценетата вредност не е минимално прифатлива вредност, ниту пак на било кој друг начин е обврзувачка или определувачка за понудувачот при одредување на висината на понудата;

6) износ на депозитот, кој заинтересираните учесници се должни да го уплатат 5 дена пред крајниот рок за доставување на понуди;

7) известување дека отворањето на понудите се врши 15 минути по истекот на рокот за доставување на понуди, на определеното место, како и известување до заинтересираните учесници да присуствуваат на отворањето на понудите по јавниот оглас за прибирање на понуди; и

8) други податоци за кои ликвидаторот ќе оцени дека се од значење за успешното впаричување на имотот по пат на јавен оглас за прибирање на понуди.

(2) Ликвидаторот го истакнува известувањето за впаричувањето по пат на јавен оглас за прибирање на понуди на видно место во седиштето на друштвото во ликвидација и на местото на кое се наоѓа имотот кој се продава, како и обезбедува доволен број копии за условите на продажба кои можат да се подигнат.

(3) Условите за впаричување ги содржат следните информации: местото на превземање на продажната документација, попис и опис на имотот, општата намена на имотот и проценетата вредност на имотот со соодветната документација. Во условите за впаричување треба јасно да биде означено дека погоре наведените информации им се даваат само за потребите на учество на заинтересираните учесници во продажбата со јавно прибирање на писмени понуди. Исто така, ликвидаторот во документација ги наведува сите недостатоци на предметниот имот за кои има сознанија до моментот на впаричувањето.

(4) Продажната документација треба да содржи и известување дека податоците содржани во неа не се засноваат врз оценка на ликвидаторот за имотот кој се впаричува, односно дека ликвидаторот не гарантира за недостатоците на имотот кои се предмет на впаричување, како и тоа дека купувачите треба да ги прифатат како конечни наведените количини, карактеристики и намена на имотот.

(5) Ликвидаторот да обезбедува еднакви услови за сите заинтересирани учесници на јавнниот оглас, по однос на разгледување на имотот кој се продава. Разгледување на имотот може да се врши само преку ден, во одредени временски интервали.

(6) Разгледувањето на имотот предмет на впаричувањето, може да се изврши најдоцна во рок од осум дена пред последниот ден кој е определен за доставување на понудите.

(7) Депозитот, кој треба заинтересираниот учесник да го уплати за да може да поднесе писмена понуда, изнесува 10% од проценетата вредност на имотот.

(8) Заинтересираните учесници понудите ги доставаат во писмена форма. Како уредни ќе се сметаат и ќе бидат прифатени писмените понуди запечатени со назнака “Понуда” на пликот и назнака дека понудата се однесува на впаричувањето на имот на одреденото друштво во ликвидација на кое се однесува јавниот оглас за прибирање на понуди.

(9) Ликвидаторот на секој плик од доставените понуди го запишува точното време на прием. Усните понуди од заинтересираните учесници ликвидаторот нема да ги земе во разгледување.

(10) Ликвидаторот ги евидентира пристигнати понуди така што ги запишува сите понуди кои што пристигнале до рокот означен во огласот, забележувајќи го датумот и точното време на прием на секоја понуда.

(11) Откако пристигнатите понуди ќе бидат отворени, ликвидаторот го запишува на понудениот износ и за кој имот се однесува понудата. Увид во евиденцијата на понуди можат да вршат сите заинтересирани учесници кои ги исполниле условите од огласот за поднесување на понуди и побарале да извршат увид во истата.

(12) Ликвидаторот ги отвара понудите:

1) во времето, местото и на начинот назначен во огласот за продажба на имотот по пат на објавување на јавен оглас за прибирање на понуди;

2) во присуство на членовите на органот на управување на друштвото во ликвидација. Доколку, во времето на отварањето на понудите не се присутни членовите на органот на управување, ликвидаторот може да пристапи кон отворање на понудите и без нивно присуство;.

3) во присуство на сите заинтересирани учесници на јавниот оглас кои поднеле писмени понуди. Во случај кога учесниците кои поднеле писмени понуди не присуствуваат на отворањето на понудите, ликвидаторот ќе го констатира тоа во записникот и ќе пристапи кон отворањето на пристигнатите понуди.

(13) Ликвидаторот нема да ја прифати понудата во која не е наведен точно определен износ туку истата содржи процентуален износ кој може да се пресмета единствено во однос на друга понуда, од причина што ваквата понуда не е во согласност со условите на впаричувањето.

(14) Ликвидаторот ќе ги отфрли како нецелосни или неуредни писмените понуди доставени од заинтересираните учесници кои се составени спротивно на правилата утврдени во овој правилник, а особено ако на пликот се напишани податоци кои се однесуваат на заинтересираниот учесник и ставен е печат од кој може да се утврди од кого е поднесена, нема доказ за уплатен депозит пет дена пред крајниот рок за доставување на понудите, понудата не содржи потпис и печат на заинтересираниот учесник, износот кој заинтересираниот учесник го нуди за имотот кој е предмет на впаричувањето не е правилно напишан.

(15) Ликвидаторот за текот на отворањето на писмените понуди води записник во кој се запишува: во колку часот започнало отворањето на пристигнатите понуди, бројот на пристигнатите понуди, редоследот на отворањето на пристигнатите понуди со наведување на податоците на заинтересираниот учесник и висината на цената на понудата и за кој имот на друштвото во ликвидација се однесува. По спроведувањето на отворањето на писмените понуди, записникот го потпишуваат ликвидаторот, записничарот, и присутните заинтересирани учесници.

(16) Ликвидаторот веднаш по отворањето на пристигнатите понуди ќе констатира кој од учесниците поднел најповолна понуда, согласно условите на огласот и тоа се го објави на присутните учесници.

(17) Ликвидаторот, целокупната писмена документација во врска со јавниот оглас за прибирање на понуди како и записникот во кој е констатирано која понуда поднесена од учесниците на јавниот оглас е најповолна ги доставува до органот на управување на друштвото во ликвидација.

(18) Ако учесникот на огласот чија понуда е прифатена не ја уплати понудената цена во рок од 15 дена од денот на отворањето на понудите, го губи правото на враќање на депозитот.

(19) Ликвидаторот не гарантира дека имотот кој се продава има одредени карактеристики во смисла на квантитет, квалитет или да одговара на целта за која ја предвидел учесникот на огласот чија понуда е прифатена. Ликвидаторот на идните купувачи јасно им става до знаење дека треба сами да ги утврдат карактеристиките на имотот кој е предмет на продажба, освен кога се во прашање недостатоци за кои ликвидаторот имал сознание до моментот на продажба.

(20) Ликвидаторот води грижа за тоа дека некои од лицата кои се ангажирани во ликвидационата постапка или пак биле вработени кај друштвото во ликвидација, нема да изнесуваат какво било мислење поврзано со имотот кој се продава.

(21) Во случај постигнатата цена на најдобрата понуда на учесниците на огласот да била пониска од проценетата вредност, ликвидаторот ќе одлучи за начинот на продажбата на предметниот имот согласно одредбите од овој правилник.

(22) Во случај кога предметниот имот не може да се впаричи по цена пониска од проценетата вредност, ликвидаторот може да одлучи следното впаричување на предметниот имот по пат на прибирање на писмени понуди да биде без почетна цена. Ликвидаторот во тој случај повторното впаричување на предметниот имот ќе го спроведе согласно одредбите од овој правилник кои се однесуваат на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација по пат на јавен оглас за прибирање на понуди.

Член 7

(1) Кога имотот предмет на впаричување, не бил впаричен ниту по два последователни огласи за јавно наддавање или по пат на објавување на два јавни огласи за прибирање на понуди, во тој случај истиот може да биде впаричен по пат на непосредна спогодба.

(2) При продажба на имотот по пат на непосредна спогодба ликвидаторот:

1) го утврдува начинот на огласување кој е најпогоден, со цел да обезбеди најголема можна конкуренција;

2) директно контактира со потенцијалните купувачи;

3) може да ангажира консултантски куќи специјализирани за финансиски трансакции кои ќе бидат обврзани да го осмислат маркетингот на продажбата, во зависност од атрактивноста и вредноста на имотот предмет на продажба;

4) во подготовката и дистрибуцијата на рекламниот материал води сметка за чување на доверливите податоци кои се однесуваат на предметниот имот, односно бара од заинтересираните купувачи при превземање на рекламниот материјал да потпишат договор за чување на доверливи податоци;

5) ги запознава заинтересираните купувачи со сите податоци (оперативни, правни и финансиски) поврзани со предметот на продажба за кои тој има сознание и со фактот дека не одговара за физичките недостатоци кои дополнително ќе се утврдат и ги предупредува дека самите треба да ги утврдат карактеристиките на имотот што е предмет на продажба.

(3) При впаричување на подвижни предмети кои се дел од опрема која не го нарушува технолошкиот процес: репроматеријали, недовршени производи, инвентар, отпадни материјали, производи со рок на траење и слично, ликвидаторот може да пристапи кон впаричување по пат на непосредна спогодба и по пониска цена од проценетата.

Член 8

(1) Впаричувањето на акциите кои се дел од ликвидационата маса се врши преку берза. Ликвидаторот, впаричувањето на акциите по однос на цената и начинот на продажбата го врши согласно Законот за хартии од вредност.

(2) Продажбата на удели кои се дел од ликвидационата маса ликвидаторот ја изврши согласно одредбите на Законот за трговски друштва и овој правилник.

(3) Доколку уделот кој е предмет на продажба е во друштво каде друштвото во ликвидација било содружник, ликвидаторот пред да ја започне продажбата на уделот треба да ги информира останатите содружници кои имаат приоритетно право да го купат. Останатите содружници може да учествуваат во продажбата на уделот која ќе се спроведе според одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на јавното наддавање, при што истите немаат обврска да ја покачуваат понудената цена, туку само да ја прифаќаат со зборовите „прифаќам“.

Во случај уделот кој е предмет на продажба да е во друштво основано од должникот како единствен содружник, ликвидаторот веднаш ќе започне продажба по пат на јавно наддавање.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.16-6393/1
20 август 2008 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**2225.**

Врз основа на член 80-ѓ, став 7, од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006 и 51/2007), министерот за образование и наука донесе

### Р Е Ш Е Н И Е ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА I-ВО ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употреба на учебник по македонски јазик за I-во одделение во основното образование.

Автор: Михаил Јанушев.

2. Издавач: Друштво за издавачка и образовна дејност, производство и промет „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ ДООЕЛ Увоз-Извоз – Скопје, ул. „Божидар Аџија“ бр. 7, Скопје.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Државниот просветен инспекторат.

4. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-1026/1 од 05.02.2008 година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6002/1 Министер,
20 август 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

**2226.**

Врз основа на член 80-ѓ, став 7, од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006 и 51/2007), министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАТЕМАТИКА ЗА I-ВО ОДДЕЛЕНИЕ**

1. Се одобрува употреба на учебник по МАТЕМАТИКА за I-во одделение во основното образование.

Автори: Д-р Билјана Крстевска и Кети Темелкова.

2. Издавач: Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства "ПРОСВЕТНО ДЕЛО" – Скопје, ул. "Димитрие Чуповски" бр. 15.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Државниот просветен инспекторат.

4. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-1023/1 од 05.02.2008 година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-6003/1 Министер,
20 август 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

**2227.**

Врз основа на член 80-ѓ, став 7, од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006 и 51/2007), министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАТЕМАТИКА ЗА I-ВО ОДДЕЛЕНИЕ**

1. Се одобрува употреба на учебник по МАТЕМАТИКА за I-во одделение во основното образование.

Автори: Д-р Слаѓана Јаќимовиќ, Валентина Ангелковска и Весна Недановска.

2. Издавач: Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства "ПРОСВЕТНО ДЕЛО" – Скопје, ул. "Димитрие Чуповски" бр. 15.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Државниот просветен инспекторат.

4. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-1022/1 од 05.02.2008 година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-6004/1 Министер,
20 август 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

**2228.**

Врз основа на член 80-ѓ, став 7, од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006 и 51/2007), министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА I-ВО ОДДЕЛЕНИЕ**

1. Се одобрува употреба на учебник по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за I-во одделение во основното образование.

Автор: Д-р Марија Тофовиќ Ќамилова.

2. Издавач: Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства "ПРОСВЕТНО ДЕЛО" – Скопје, ул. "Димитрие Чуповски" бр. 15.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Државниот просветен инспекторат.

4. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-1028/1 од 05.02.2008 година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-6005/1 Министер,
20 август 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

**2229.**

Врз основа на член 80-ѓ, став 7, од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006 и 51/2007), министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА I-ВО ОДДЕЛЕНИЕ**

1. Се одобрува употреба на учебник по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за I-во одделение во основното образование.

Автори: Елеонора Стрезовска (родена Зеговска), Јадранка Симитковска (родена Георгиева), Татјана Неческа (родена Шотароска) и Александра Митровска.

2. Издавач: ТОПЕР ДООЕЛ Скопје, ул. "Дане Крапчев" бр. 21, Скопје.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Државниот просветен инспекторат.

4. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-1027/1 од 05.02.2008 година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-6006/1 Министер,
20 август 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**2230.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 20.08.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Брокерската куќа ЕУРО БРОКЕР АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – втора емисија на 2.277 обични акции во износ од 227.700 евра, односно во денарска противвредност од 13.927.293 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за втора емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката бр.01-465 од 24.07.2008 година за издавање на втора емисија на акции по пат на приватна понуда, со преобразба на добивката на друштвото и Одлуката бр. 01-461 од 24.07.2008 година за распределба на акумулирана добивка на друштвото и зголемување на основна главнина од средства на друштвото.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1489/9 Комисија за хартии од вредност
20 август 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова**, с.р.

---

**2231.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 20.08.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Акционерското друштво за осигурување Евроинс осигурување Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – четврта емисија на 557 обични акции во износ од 23.115.500,00 денари согласно Одлука бр. 02-265/4-5 од 30.05.2008 година за зголемување на основната главнина од средства на друштвото, преку издавање на четврта емисија на обични акции и Одлука бр. 03-420 од 30.07.2008 година за изменување и дополнување на Одлуката на Собранието на акционери за зголемување на основната главнина од средства на друштвото, преку издавање на четврта емисија на обични акции број 02-264/4-5 од 30.05.2008 година.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката бр. 02-265/4-5 од 30.05.2008 година за зголемување на основната главнина од средства на друштвото, преку издавање на четврта емисија на обични акции и Одлуката бр. 03-420 од 30.07.2008 година за изменување и дополнување на Одлуката на Собранието на акционери за зголемување на основната главнина од средства на друштвото, преку издавање на четврта емисија на обични акции број 02-264/4-5 од 30.05.2008 година.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2549/5 Комисија за хартии од вредност
20 август 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**2232.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 20.08.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Силекс банка АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – тринаесетта емисија на 92.038 обични акции во вкупен износ на емисијата од 3.999.971,48 евра односно 244.674.255,46 денари согласно Одлука бр. 01-1548/13 од 20.06.2008 година за издавање на нови акции од тринаесетта емисија по пат на приватна понуда.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 01-1548/13 од 20.06.2008 година за издавање на нови акции од тринаесетта емисија по пат на приватна понуда.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2889/4 Комисија за хартии од вредност
20 август 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**2233.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 20.08.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Друштвото за управување со фондови Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – втора емисија на 15.000 обични акции во вкупен износ на емисијата од 150.000 евра односно 9.178.470 денари, согласно Одлуката бр. 02-118/2 од 15.07.2008 година за зголемување на основната главнина со издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда и Одлуката бр. 03-135/2 од 06.08.2008 година, за измена и дополнување на Одлука за зголемување на основната главнина со издавање на нови акции од втора емисија.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката бр. 02-118/2 од 15.07.2008 година за зголемување на основната главнина со издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда и Одлуката бр. 03-135/2 од 06.08.2008 година за измена и дополнување на Одлука за зголемување на основната главнина со издавање на нови акции од втора емисија.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2958/5 Комисија за хартии од вредност
20 август 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2234.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите донесен на ден 7.02.2008 година, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**

Се усвојуваат обрасците за следење и оценување на работата на судиите, заедно со упатствата за нивно пополнување.

Обрасците за следење и оценување на работата на судиите, заедно со упатствата за нивно пополнување да се објават во "Службен весник на РМ".

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на РМ".

Бр. 07-1718/1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

ОСНОВЕН СУД - Име на Суд

Судија - Име и Презиме

| Месец | Нерешени на почетокот од месецот | Примени предмети во текот на месецот | Вкупно предмети во работа во месецот | Решени предмети во текот на месецот | Нерешени предмети на крајот од месецот | Истраги | | | | | | | Истражни дејствија | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | вкупно во работа | вкупно во работа и решени според | | | | | | вкупно во работа | вкупно во работа и решени според | | | | | | вкупно во работа | | | | | |
| | | | | | | | Основна надлежност | | Проширена надлежност | | Организиран криминал | | | И.Д. | | Разни И.Д. К.Р.И. | | Разни И.Д. К.Р.И.О.К. | | | Основна надлежност | | Проширена надлежност | | Организиран |
| | | | | | | | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| I кв: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II кв: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III кв: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV кв: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Кривични полнолетни | | | | | | | | | | | Кривични малолетни | | | | Прекршочни предмети | | | | Извршување на санкции | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно во работа и решени според | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | вкупно во работа | |
| криминал | Разни кривични предмети | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Спорови од мала |
| | Разни кривични дејствија | | Кривичен совет | | | | Петорка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | Претседател | | Член | | Претседател | | Член | | вкупно во работа | вкупно решени | Разни КМ дејствија | | вкупно во работа | вкупно решени | Разни прекршочни дејствија | | ИКС | | ИПС | | НУИ | | Мерки на безбеднист | | | |
| вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | | | вк работа | вк решени | | | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | | вк работа |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | 48 | 49 | 50 | 51 | 52 | 53 | 54 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Граѓански предмети | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно во работа и решени според | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| вредност | Имотни спорови - основна надлежност | | Имотни спорови - проширена надлежност | | Семејни спорови | | Работни спорови | | Трговски спорови | | Платни налози | | Регистрација на политички партии, верски заедници и религиозни групи | | Стечај | | | | Извршни предмети | | ППНИ | | Разни граѓански предмети | | Мерки за |
| | | | | | | | | | | | | | | | Стечаен судија | | Стечаен совет | | | | | | | | |
| вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа |
| 55 | 56 | 57 | 58 | 59 | 60 | 61 | 62 | 63 | 64 | 65 | 66 | 67 | 68 | 69 | 70 | 71 | 72 | 73 | 74 | 75 | 76 | 77 | 78 | 79 | 80 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| обезбедување | Оставина | | Физичка делба | | Останати ВПП | | Решени укинати кривични предмети | Решени укинати граѓански предмети | Стари предмети | | Начин на решавање | | | | | | | | | Оставарена ориентациона норма (проценти - %) | | | Вкуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | Со пресуда | | | Со спогодба | | На друг начин | | | Застарени | | | | |
| вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | вк работа | вк решени | | | Решени | Нерешени | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | прекршочно | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично |
| 81 | 82 | 83 | 84 | 85 | 86 | 87 | 88 | 89 | 90 | 91 | 92 | 93 | 94 | 95 | 96 | 97 | 98 | 99 | 100 | 101 | 102 | 103 | 104 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Квалитет на работа (проценти - %): | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I тромесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| II тромесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| III тромесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| IV тромесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| I шестмесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| деветмесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| II шестмесечие: | | | | | | | | | | | | | |
| годишен: | | | | | | | | | | | | | |

| но обжалени предмети | | Квалитет од вратени предмети по жалба | | | | | | | | | | | | Квалитет од вкупен број на решени предмети | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Потврдени | | | Укинати | | | Делумно укинати | | | Преиначени | | | Потврдени | | | Укинати | | | Делумно укинати | | | Преиначени | | |
| прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско | кривично | прекршочно | граѓанско |
| 105 | 106 | 107 | 108 | 109 | 110 | 111 | 112 | 113 | 114 | 115 | 116 | 117 | 118 | 119 | 120 | 121 | 122 | 123 | 124 | 125 | 126 | 127 | 128 | 129 | 130 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Извештај за пречекорување на законски рок за закажување раправа или претрес, изработка на одлука и предмети за судење во разумен рок**

| Број на предмет | Причини за пречекорување на законски рок за закажување расправа или претрес | Причини за пречекорување на законскиот рок за изработка на одлука |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Менторство, едукација, учество на семинари, учество во работни групи за подготовка на правни акти, објавени трудови во стручни списанија, учество во проекти други вонпредметни активности на судијата**

| вид | Датум и место | Тема | Објавен труд | Проекти и други активности |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ТАБЕЛАРНИОТ ДЕЛ ЗА ОЦЕНКА НА СУДИЈА ВО ОСНОВЕН СУД

За пополнување на табелите за работата на судиите, доставен е EXCEL фајл со име: Основен суд извештај за работа на судии. Во овој фајл има отворено 40 (четириесет) посебни табели кои треба да ги носат имињата на судиите од Вашиот суд (во моментов се со имиња Судија 1, Судија 2 ... Судија 40). Ве молиме пред да започнете со внесување на податоци, заменете ги имињата Судија 1,2,...40 со имињата на судиите во Вашиот суд и истото направете го во табеларниот дел (во најгорниот дел на табелата) каде стои Основен суд и Име и Презиме на Судија. Откако ќе бидат направени овие корекции, зачувајте го фајлот и отпочнете со внесување на податоците. Во продолжение е дадено упатство за пополнување на табеларниот дел.

**1. Основни податоци:**

- **Колоната ,,Месец,,** ги означува месеците во годината. Колоната не се пополнува.
- **Колона 1 – ,,Нерешени на почетокот од месецот,,** колоната се пополнува со податоци за нерешените предмети на почетокот на месецот. Бројот на нерешените предмети на крајот на тековниот месец е број на нерешените предмети на почетокот на наредниот месец.
- **Колона 2 - ,,Примени предмети во текот на месецот,,** колоната се пополнува со податоци за примените предмети во текот на месецот по сите основи.
- **Колона 3 - ,,Вкупно предмети во работа во месецот,,** колоната автоматски се пополнува со податоци за вкупниот број на предмети во работа на месецот. Бројот на предметите во колона 3 претставува вкупен број на предмети по сите области кои се наведени во образецот и се во работа кај судијата.
- **Колона 4 - ,,Решени предмети во текот во месецот,,** колоната автоматски се пополнува со податоци за вкупниот број на решени предмети во текот на месецот. Бројот на предметите во колона 4 претставува вкупен број на решени предмети по сите области кои се наведени во образецот.
- **Колона 5 - ,,Нерешени предмети на крајот од месецот,,** колоната автоматски се пополнува со податоци за вкупниот број на нерешени предмети во текот на месецот.

**2. Материја – Истраги :**

- **Колона 6 - ,, Вкупно во работа и решени според ,,** автоматски ги собира предметите во работа во текот на месецот кај судијата.

  Колоната не смее да се пополнува, бидејќи истата автоматски се пополнува со внесување на број на предмети во другите колони.

- **Колона број ,,7, 8, 9, 10, 11 и 12,,** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови. / во зависност дали е суд со основна, проширена надлежност или суд кој постапува по предмети од организиран криминал – Основен суд Скопје 1 /

**3. Материја – Истражни дејствија :**

- **Колона 13 - ,, Вкупно во работа и решени според,,** автоматски ги собира предметите во работа во текот на месецот кај судијата од областа - предметната материја.

  **Колона број ,,14, 15, 16, 17, 18 и 19,,** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови. / во зависност дали е суд со основна, проширена надлежност или суд кој постапува по предмети од организиран криминал – Основен суд Скопје 1 /

**4. Материја – Кривични полнолетни :**

- **Колона 20 - ,, Вкупно во работа и решени според,,** автоматски ги собира предметите во работа во текот на месецот кај судијата од областа - предметната материја.

**Колона број „21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36„** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови. / во зависност дали е суд со основна, проширена надлежност или суд кој постапува по предмети од организиран криминал – Основен суд Скопје 1 /

**5. Материја – Кривични малолетни:**

- **Колона број „37, 38, 39 и 40„** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата за малолетници постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови.

**6. Материја – Прекршочни предмети:**

- **Колона број „41, 42, 43 и 44„** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови.

**7. Материја – Извршување на санкции:**

- **Колона број „45, 46, 47, 48, 49, 50, 51 и 52 „** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува.

**8. Материја – Граѓански предмети :**

- **Колона 53 - „ Вкупно во работа и решени според„** не се пополнува, автоматски ги собира предметите во работа во текот на месецот кај судијата од областа - предметната материја.
- **Колона број од „54 до број 87„** се внесува вкупниот број на предмети во работа и се внесува бројот на решени предмети, во текот на месецот по кој судијата постапува согласно надлежностите на судот според Законот за судови. / во зависност дали е суд со основна или проширена надлежност/. Во колоните се внесуваат предметите согласно номенклатурата во Судскиот деловник.

**9. Укинати предмети :**

- **Колона број „ 88 и 89„** се внесува вкупниот број на решени укинати предмети /кривични и граѓански/

**10. Стари предмети :**

- **Колона број „ 90 и 91„** се внесува вкупниот број на решени и нерешени стари предмети за извештајниот период.

